ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗБОРОТ е ЗБОР!

100 дена

## ВЛАДА ЗА ГРАЃАНИТЕ



# ЗБОРОТ е ЗБОР!

100 дена

ВЛАДА ЗА ГРАЃАНИТЕ



# СОДРЖИНА

Предговор ...3
Признание ...8
Министерство за одбрана (заменичка на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска) ...9
Министерство за внатрешни работи (заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи Оливер Спасовски) ...11
Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања – Бујар Османи ...13
Заменик претседател на Влада задолжен за економски прашања - д-р Кочо Анѓушев ...16
Заменик претседател на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички системи – Хазби Лика ...17
Министерство за надворешни работи (министер Никола Димитров) ...18
Министерство за финансии (министер Драган Тевдовски) ...22
Министерство за здравство (министер Арбен Таравари) ...25
Министерство за правда (министер Билен Саљији) ...27
Министерство за транспорт и врски (министер Горан Сугарески) ...29
Министерство за економија (министер Крешник Бектеши) ...30
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (министер Љупчо Николовски) ...32
Министерство за информатичко општество и администрација (министер Дамјан Манчевски) ...35
Министерство за труд и социјална политика (министерка Мила Царовска) ...37
Министерство за образование и наука (министерка Рената Дескоска) ...41
Министерство за локална самоуправа (министер Сухејл Фазлиу) ...44
Министерство за култура (министер Роберт Алаѓозовски) ...46
Министерство за животна средина и просторно планирање ...49
Министер без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност – Роберт Поповски ...52
Министер без ресор задолжен за дијаспора – Едмонд Адеми ...54
Министер без ресор задолжен за странски инвестиции - Аднан Ќахил ...56
Министер без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија – Самка Ибраимовски ...57
Министерка без ресор задолжена за странски инвестиции - Зорица Апостолоска ...58
Министер без ресор задолжен за странски инвестиции – Рамиз Мерко ...59

# ПРЕДГОВОР

Почитувани граѓани на Република Македонија,

Владата на Република Македонија, која започна со работа на 1 јуни оваа година, денеска ги сумира резултатите од своето работење пред вас – граѓаните на Република Македонија.

Ова се резултати кои се постигнати после една исклучително сложена и кризна ситуација во нашата земја. Од таа ситуација како победници излегоа граѓаните. Влеговме во нова фаза, во која создаваме еден сосема нов политички амбиент во кој доминираат транспарентноста, одговорноста, отчетноста и разумните политики од интерес за сите граѓани.

Зборот е збор! Ја вративме слободата во земјата, го враќаме и животот.

Заедно дефиниравме дека се бориме за слободен и подобар живот за сите нас, во општество за сите.

Отворивме многу нови процеси. Многу од нив беа незамисливи за нашата политичка пракса. На пример: Декласифицираме тајни договори што ги правеле владата, министерствата, агенциите, дирекциите. **Тајното станува јавно!**

Откочивме многу закочени, заборавени, а важни активности и работни тела. На пример: Во Собранието на Република Македонија го обезбедивме присуството лично на директорите на безбедносните служби.

Во овие 100 дена не водеа ПЕТ принципи, ПЕТ зададени обврски и важни одредници: Да ги вратиме **ПАРИТЕ КАЈ ГРАЃАНИТЕ**, да обезбедиме **ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ**, да им дадеме пријателско лице, да ги направиме **ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ**, во сите наши одлуки граѓаните да препознаваат **ОТВОРЕНА И РЕФОРМСКА ВЛАДА**, и да ја промовираме нашата земја **МАКЕДОНИЈА КАКО ПРИЈАТЕЛ НА СОСЕДИТЕ**, која цврсто чекори Н**А ПАТОТ КОН НАТО И ЕВРОПСКАТА УНИЈА**.

**Зборот сега е реалност.** Дадениот збор се претвори во конкретна придобивка за граѓаните. Оваа влада е влада на граѓаните и на нивните интереси. Ги препознавме тие интереси, и креираме најдобри решенија за нив. И уште повеќе: РЕШЕНИЈАТА СТАНУВААТ РЕАЛНОСТ, ПРЕТОЧЕНИ ВО МЕРКИ ОД ПОЛЗА ЗА ГРАЃАНИТЕ КОИ ВО ИСТО ВРЕМЕ СЕ ИНСПИРАЦИЈА ЗА НОВИ ПОТФАТИ!

**Почитувани претставници на медиумите, почитувани граѓани, пред 100тина дена почна акцијата за враќање на ПАРИТЕ КАЈ ГРАЃАНИТЕ!**

Оваа влада уште на стартот на нејзиното работење се соочи со големиот предизвик да направи ребаланс на буџетот во чие креирање таа не учествуваше.

Наша задача беше да ги лоцираме предвидените непродуктивни, нерационални, непотребни трошоци и да најдеме основа парите предвидени за недомаќински трошоци, да ги пренасочиме кон потребите на граѓаните и кон компаниите.

Немаме намера да го финансираме луксузирањето на државниот апарат. Оваа влада нема намера да затвора пари во непродуктивни трошоци, какви што беа рекламирањето на пропагандата и луксузирањето на високите државни функционери со неконтролирани пари за репрезентации и бесцелни службени патувања. **Доста беше!**

Оваа влада има намера и цврста определба да се однесува домаќински со парите на граѓаните.

Само со кратење на премиерскиот буџет обезбедивме 420 милиони денари. Заедно со другите ослободени средства од ваквиот пристап, реализираме програми кои ќе се остварат со враќање на парите кон граѓаните со услуги, привилегии и конкретни акции.

- Обезбедивме дополнителни 1 245 милиони денари во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за да се обезбеди непречена исплата на пензиите и трошоците за вториот пензиски столб, и уште 200 милиони денари за исплата на СИТЕ загарантирани социјални трансфери на граѓаните.

Со измените и дополнувањата на Буџетот за 2017 година обезбедивме средства за:

- Субвенционирање на минималната плата, со цел истата да изнесува 12 илјади денари. Со оваа мерка се опфатени околу 70 илјади наши вработени сограѓани;
- Трајно го решивме проблемот на стечајните работници кои досега не беа опфатени со постојните законски решенија, за околу 3000 лица и нивните семејства;
- Обезбедивме 60 милиони денари за поддршка и на туристичките капацитети во Република Македонија и за годишен одмор за најслабо платените работници.
- Со 9 милионии евра, или приближно 500 милиони денари ги поддржуваме активните политики и мерки за поддршка за нови вработувања и за реализација на проектот „Гаранција за млади", зашто сакаме да останат во Македонија;
- Обезбедивме 135 милиони за поддршка за малите и средни претпријатија и за поддршка на домашни гринфилд инвестиции.

Домаќинското работење ни овозможи да одржиме уште еден збор – започнавме процес на укинување на радиодифузната такса.

**Почитувани, дозволете ми да укажам и на уште една серија важни одлуки:**

Оваа влада им излезе директно во пресрет на земјоделците, со низа нови мерки од програмата на владата. Уште во првите 100 дена. Пакет од 10 милиони евра, стигнува во рацете на овоштарите, лозарите, сточарите и пољоделците.

Тоа значи и поддршка на домашното производство на храна.

Особено важна е мерката за финансиска поддршка од 10.000 евра неповратни средства за млад земјоделец.

Тоа се решенија што недвосмислено илустрираат дека секогаш изнаоѓаме креативни програми и мерки со кои парите ќе ги вратиме назад кон граѓаните.

Една таква мерка е и враќањето на евтината тарифа на струјата.

Бевме убедени дека таква можност постои. Со нов, домаќински пристап на работење на ЕЛЕМ и МЕПСО, нивните заштеди ќе бидат пренесени како придобивка за граѓаните на Република Македонија, како што е евтината тарифа на струјата, за сите.

Почитувани граѓани на Република Македонија!

Сите овие одлуки на владата на кои досега потсетив, направени за само 100 дена, се одлуки кои се реално одржливи и кои се спроведуваат врз основа на реални параметри и политики за **ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ.**

Ребалансот на буџетот е направен врз реални проекции и врз развојни принципи.

Ветивме дека во првите 100 дена од мандатот ќе го објавиме вкупниот износ на сите акумулирани обврски на државата кон бизнисот. Долгот го враќаме.

Наследивме огромен, неразумно креиран јавен долг. Со реален пристап и со темелните анализи за излезни решенија, успеваме да го намалиме со раздолжувања и задолжувања со многу помала каматна стапка. Креираме фискални и финансиски политики кои ќе обезбедат **развојот да го намалува долгот.**

**Развојот ќе го намалува долгот.** Создаваме услови за тоа! Условите што важеа за странските компании, сега ќе важат и за домашните компании. Со домашните компании ја создаваме новата, успешна, економска приказна за Македонија.

Да споменам само уште некои од мерките со кои обезбедуваме услови за развој на бизнис иницијативите:

- Го зајакнуваме финансискиот и кадровскиот капацитет на Агенцијата за поддршка на претприемништво, за координација и спроведувањето на политиките за развој на малите и средни претпријатија.
- Македонската банка за поддршка на развојот се докапитализира, за да се зголеми кредитната поддршка и нејзината способност за реализација на гарантната шема.
- Донесовме мерки за да ја спречиме нелојалната конкуренција и да ја зајакнеме вистинската контрола на производите.

Добивме целосна поддршка за промените во казнената политика. Инсистираме во темелот на оваа политика да биде превенцијата, а не казнената репресија.

Создаваме клима за правна сигурност во која сопствениците и работодавците ќе бидат заштитени од притисоци и стравови.

Политиките на владата во енергетиката, транспортот и инфраструктурата добија целосна поддршка на Самитот во Трст. Еден од резултатите во Трст е Договорот за основање на транспортна заедница на Западен Балкан, проект кој отвора исклучителни поволности за ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ПОДОБАР ЖИВОТ.

Создаваме добри приказни. Самитот во Трст е добро научена приказна: Регионалната и добрософедската политика секогаш даваат резултати. На пример: Меморандумот за соработка за железничко поврзување со Република Бугарија, како конкретен резултат на Договорот со Бугарија за соработка, пријателство и добрососедство, обезбеди 70 мил. евра грант за изградба на пругата кон Република Бугарија како дел од Коридорот 8.

**Почитувани граѓани на Република Македонија,**

Досегашните и идните успешни политики на оваа влада се резултат на определбата да ги ставиме **ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ.** Да обезбедиме институциите да се претворат во сервис, за подобар живот на граѓаните. Во интерес на граѓаните, пред сѐ!

Како прво, дозволете ми да укажам на фактот дека сега медиумите имаат можност брзо, и со непосредни информации, да ѝ ги пренесат на јавноста активностите и одлуките од нашата работа, благодарение на редовниот неделен брифинг со новинарите и уредниците. Директно, од извориштето на информациите, со можност веднаш да добијат одговори на сите нивни прашања. Даваме точен одговор на секое прашање, во најбрз можен рок. Достапни сме, отворени и отчетни.

Во одредени министерства, како на пример во Министерството за труд и социјална политика, е воведен "Отворен ден со граѓаните", секој петок од 9 часот до 13 часот.

Владата ги скрати, поедностави и поевтини постапките за повеќе сервисни услуги за граѓаните, особено од социјалните, матичните служби и управните служби.

Ги слушнавме пораките на граѓаните и на бизнис заедницата, и од 1 септември започна да се применува одлуката новото работно време и двосменско работење во јавната админстрација, како и во градинките.

Го укинавме екстерното испитување. Започнаа темелните промени на образовните програми.

Го зголемивме минималниот број денови за консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи, од 10 на 20 дена. Со тоа им дадовме на граѓаните и на бизнис заедницата двојно повеќе време за учество во јавната расправа за придонес за подобрување на предложените закони и прописи уште во фазата на донесување.

Го продолживме рокот за легализација на бесправно изградените објекти.

За да дојде до израз целосно принципот ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ, и тоа на сите граѓани, ја отпочнавме и подготовката на Националната стратегија за соработка со дијаспората, со цел приближување на дијаспората со Република Македонија, и развивање на соработка во повеќе области.

**Почитувани граѓани на Република Македонија,**

Дадовме збор дека оваа влада ќе биде **ОТВОРЕНА И РЕФОРМСКА.** Пред сите вас, на 5 јули, го презентиравме Планот 3-6-9.

Денеска, само по два месеци, на 5 септември, соопштуваме:

- Владата даде конкретна поддршка на Државната изборна комисија за зајакнување на нивните капацитети пред одржувањето на локалните избори. Го реши статусот на дел од вработените и обезбеди простор за трајно користење на комисијата.
- Ги направивме сите потребни подготовки за поддршка на фер и демократски изборен процес, со јасни упатства кои даваат насоки за секој владин функционер и вработен во државните институции што мора да се избегнува во време на предизборието и кои се последиците од непочитувањето на Изборниот законик.
- Владата се обврза дека задолжително и детално ќе ги објаснува сите законски предлози и дека ќе понуди неделна можност за поставување на пратенички прашања. Владата се стави на располагање на Собранието за воспоставување ефективен, редовен и рутински надзор врз разузнавачките служби.
- Го усогласивме и усвоивме текстот на Законот за јазици којшто го затвара и последното отворено прашање од Охридскиот рамковен договор.
- Го подобривме концептот за соработка меѓу Владата и граѓанските организации.
- Сега секој има увид во работата на Владата. Пред секоја седница го објавуваме дневниот ред, а по секоја седница објавуваме извештај/записник од суштинските одлуки донесени од Владата.
- Во постапка е утврдување на конечна верзија на нацрт-Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реформите во медиумите.
- Ги прекинавме владините реклами кои беа назначени од домашните и меѓународните фактори како извор на притисоци и контрола врз медиумите, а ќе ги објавиме сите досегашни трошоци за овие реклами.
- Изготвен е преглед на сите случаи на застрашување, притисоци и говор на омраза против новинарите, за да се поттикне слободното новинарство и да не се повторуваат такви практики во иднина. Владата ги направи достапни и бесплатни информациите од Централниот регистар и од Катастарот за новинарите кои работат истражувачко новинарство.
- Ги декласифицираме и информациите кои се однесуваат на службени патувања, репрезентација и доделување на државна помош за странските компании. Не може да има штета ако јавноста има поголем увид како Владата располага со парите и ги заштитува интересите на граѓаните.
- Формирани се сите потребни работни групи за изготвување на најважните законски решенија, како и Советот за спроведување на реформи на правосудството, а оваа недела ќе биде завршена и подготовката на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.
- Владата обезбеди поддршка за зајакнување на кадровските капацитети на народниот правобранител,
- Се усовршуваат системот за борба против тероризмот и активностите за реформи во безбедносните и разузнавачките структури согласно меѓународните стандарди и препораки.

**Планот 3-6-9 нè враќа на брзата трака во евроинтеграциските процеси за да ја промовираме Република Македонија како ПРИЈАТЕЛ НА СВОИТЕ СОСЕДИ, ЗЕМЈА КОЈА ОДИ ЦВРСТО ПО ПАТОТ КОН НАТО И ЕВРОПСКАТА УНИЈА!**

Во овие 100 дена, немаше ден без средба со нашите пријатели од меѓународната заедница. Сите наши партнери и пријатели ни дадоа безрезервна поддршка. Сите ја препознаа нашата определба и цел: Македонија да биде прифатена, да се гледа на неа како на **ПРИЈАТЕЛ, на ПАТОТ КОН НАТО И ЕВРОПСКАТА УНИЈА!**

Република Македонија стана посакуван партнер, партнер со кој вреди, со кој треба, и на кој може да се смета во предизвиците на меѓународната, на регионалната или на меѓусоседската политика.

Потпишувањето на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка помеѓу Македонија и Бугарија покажа дека таму каде што има политичка волја и идеја за прогрес, прашањата ќе се решат.

Овој договор е инспирација и модел за соработка за регионот и пошироко. Тоа е така, зашто оваа влада се определи да води политики на решенија, а не на проблеми.

Овој наш став е втемелен и во реафирмацијата на односите со Република Грција. Само позитивен пристап во решавањето на отворените прашања меѓу државите, со меѓусебно почитување и разбирање, е иднината на регионот.

На Самитот на Западен Балкан во Трст, во рамките на Берлинскиот процес, со поддршка на Европската унија, проактивно учествуваме во иницијатива која ќе ја смени сликата, историјата, но и економијата и стандардот на граѓаните во земјите на регионот. Од место што продуцира кризи, во регион на безбедносна стабилност. Признанието што таму го добивме од Ангела Меркел, од Борис Џонсон и од Емануел Макрон е недвосмислено.

Односите со Соединетите американски држави, со воената вежба на Криволак, ги поставивме на ново квалитетно рамниште на глобален безбедносен план. Средбата со американскиот потпретседател Пенс, во Подгорица, беше нова афирмација за нашата НАТО аспирација.

Поддршката за цврстата определба на реформската Влада на Република Македонија и за враќање на земјата на патот на европските интеграции, безрезервно пристигна и од Кралството Шведска и Кралството Норвешка, преку заедничка Декларација за партнерство и соработка со Владата на Република Македонија. Република Финска несебично ја понуди својата понуда за асистенција во реформите во образованието, повторно заради реформскиот профил на владата.

Вчера од Израел се вративме со нов ветар во едрата. Реформскиот курс на нашата влада отвора сериозни перспективи за соработка и со оваа земја.

И оваа посета беше придонес за нашата определба на Република Македонија да се гледа како на **ПРИЈАТЕЛ и ПАРТНЕР, на ПАТОТ КОН НАТО И ЕВРОПСКАТА УНИЈА!**

**Почитувани граѓани на Република Македонија,**

Владата ги подготви сите неопходни услови за фер и демократски локални избори. Влегуваме во завршницата на уште еден израз на слободната волја на граѓаните – локалните избори. Тоа е новата сцена на која оваа влада докажува дека ги враќа довербата во институциите, дека го враќа животот. Создаваме општество еднакво за сите, за сите граѓани на оваа земја. Создаваме услови за младите да останат и да работат тука, во оваа наша убава Македонија.

Ја препознавме разбудената надеж кај граѓаните. Решени сме да го вратиме достоинството кај човекот. Ова е влада на граѓаните и влада за граѓаните.

Ова е влада од збор. Оваа влада е реформска и отворена и води суштинска политика.

**Зборот е збор!**

# ПРИЗНАНИЕ

"Зборот е збор – 100 дена Влада за граѓаните" е извештај на Владата на Република Македонија која започна со работа на 1 јуни оваа година, а ги сумира резултатите од своето работење во првите 100 дена пред вас – граѓаните на Република Македонија. "Зборот е збор – 100 дена Влада за граѓаните" е извештај создаден со сериозен придонес на министерствата, и би сакал да им се заблагодарам за нивната поддршка во развој на документот.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

## (заменичка на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска)

Министерството за одбрана го врати фокусот на клучните реформи во одбраната и членството во НАТО. Го рестартира блокираниот процес за изработка на Стратегискиот одбранбен преглед кој претставува клучен документ за реформи во Армијата и членство во НАТО. Со ребалансот на буџетот обезбеди дополнителни средства за плати за вработените во МО и АРМ кои недостигаа, донесе одлука за обесштетување на вработените во МО и АРМ по поплавите во скопско, за ангажирање на АРМ во гаснење на пожарите во Македонија, како и одлука за отворање на вратите на воениот камп во Охрид за граѓаните. Министерството за одбрана изврши и декласификација на сите документи за службени патувања во земјата и во странство, како и за трошоците за репрезентација. Направен е пробив во претставувањето на новата политика на соработка и добрососедство, реализирани се официјални средби со министрите за одбрана на Словенија, Албанија, Бугарија, Романија, како и со министри за одбрана на земји членки на НАТО и земји партнери, на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО во Брисел. Организирани се над 10 настани и остварени над 40 средби со семејствата на загинатите бранители, припадниците на АРМ кои учествувале во мировни мисии, претставници на државните институции од земјата и странство, меѓудржавни институции и амбасади. Спроведена е вежбата Dragoon Guardian на Криволак со која се испрати пораката за партнерство и соработка меѓу македонската и американската војска.

**Реформи**

- Одлука за рестартирање на блокираниот процес за изработка на Стратегиски одбранбен преглед - клучен документ за реформи во одбраната и за членство во НАТО;
- **Декласификација на сите документи за службените патувања во земјата и во странство и трошоците за репрезентација (3-6-9);**
- Обезбедени средства за плати со ребалансот на буџетот;
- Одлука за отворање на вратите на воениот камп во Охрид за граѓаните, по серијата земјотреси во овој регион;
- Одлука за обесштетување на вработените во МО и АРМ по поплавите во скопско;
- Одлука на Управна група за ангажирање на АРМ во гаснење на пожарите на територијата на Македонија; и
- Измени во процедурата за прием на студенти/питомци на Воената академија со зголемена транспарентност.

**Единаесет настани**

- Учество на министерката Шекеринска на Денот за високи гости на вежбата „Saber Guardian 17" во Романија;
- Реализирана вежбата "Dragoon Guardian 17" на Криволак;
- Учество на министерката Шекеринска на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО во Брисел;
- Официјална посета на Албанија;
- Учество на министерката Шекеринска на состанокот на земјите - членки на Јадранската повелба во Црна Гора;
- Одбележување на Ден на Армијата на Република Македонија;
- Испраќање на нова ротација офицери во команда Север во мисијата Одлучна поддршка во Авганистан;

- Официјална посета на Словенија;
- Испраќање на припадници на АРМ на вежбата "Saber Guardian 17";
- Заклетва на војници-доброволци во Велес; и
- Отворање на меѓународниот безбедносен проект „Летен кампус".

**Над 40 средби со**

- Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг;
- Помошникот генерален секретар на НАТО, Тачан Илдем;
- Претседателот на Словенија, Борут Пахор;
- Министерката за одбрана на Албанија, Мими Кодели;
- Министерот за одбрана на Бугарија, Красимир Каракачанов;
- Министерката за одбрана на Словенија, Андреја Катиќ;
- Министерот за одбрана на Романија, Адријан Цуцујану;
- Претседателот на Европскиот Совет, Доналд Туск;
- Високата претставничка за заедничка надворешна и безбедносна политика на Европската унија и потпретседателка на Европската Комисија, Федерика Могерини;
- Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан;
- Шефот на канцеларијата за врски на НАТО во Скопје, Горазд Бартол;
- Началникот на ГШ на АРМ, генерал потполковник Методија Величковски;
- Началникот на Генералштабот на австриските вооружени сили, генералот Отмар Коменда;
- Првите луѓе на синдикатите во одбраната;
- Семејствата на загинатите бранители;
- Припадниците на АРМ кои учествувале во мировни мисии;
- Претставници на Стопанската комора на Македонија;
- Советникот од Обединетото Кралство со цел поддршка во изработка на стратешки документи, Стивен Гловер; и
- Амбасадорите на 22 држави акредитирани во Р. Македонија.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## (заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи Оливер Спасовски)

Министерството за внатрешни работи започна со реализација на посебниот план за зголемување на безбедноста во сообраќајот на подрачјето на главниот град, преку засилени и интензивни сообраќајни контроли, со посебен фокус кон помладите категории возачи, како и возачите на моторцикли. Исто така, отворена е базна станица во ПО Ростуше за фотографирање за лични документи. Министерството потпиша Меморандум за разбирање со Министерството за внатрешни работи на Унгарија – Полициско училиште за спроведување на законот – Сегедин за соработка во областа на заедничките обуки, како и Работен аранжман со ЦЕПОЛ, ги подготви и правните акти за операционализирање на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал, започна реформа на одделението за борба против корупција во МВР и дефинираше модел и правна рамка за надворешен независен механизам за надзор на работата на полицијата во соработка со Советот на Европа и Народниот правобранител. Министерството го подготви Предлог Законот за азил и времена заштита согласно препораките на експертот на ЕК. Преку своите претставници оствари над 40 средби со синдикатот на професионални војници, претставници на државни институции од странство, меѓудржавни институции и амбасадори акредитирани во РМ, го организираше Супер купот на УЕФА и учествуваше на пет настани меѓу кои и посетата на Агенцијата на Европската унија за обуки за спроведување на законот – ЦЕПОЛ во Будимпешта со цел потпишување на Работен аранжман помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и ЦЕПОЛ.

**Реформи**

- Потпишан Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија – Центар за обука и Министерството за внатрешни работи на Унгарија – Полициско училиште за спроведување на законот – Сегедин за соработка во областа на заедничките обуки;
- Потпишан Работен аранжман помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и ЦЕПОЛ;
- Отворена базна станица за фотографирање за лични документи сместена во ПО Ростуше;
- Започната реализација на посебниот план за зголемување на безбедноста во сообраќајот на подрачјето на главниот град, преку засилени и интензивни сообраќајни контроли, со посебен фокус кон помладите категории возачи, како и возачите на мотоцикли;
- Набавени 15 нови комбиња за Единицата за брзо распоредување;
- **Дефиниран модел и правна рамка за надворешен независен механизам за надзор на работата на полицијата во соработка со Советот на Европа и Народниот правобранител (3-6-9);**
- **Подготвени правни акти за операционализирање на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал (3-6-9);**
- **Донесена одлука од Владата за формирање и именување на членови на Националниот комитет за спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам (3-6-9);**
- **Донесена одлука од Владата за назначување Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и негови заменици (3-6-9);**
- **Започната реформа на одделението за борба против корупција во МВР (3-6-9);**
- **Формиран преговарачки тим и започнати преговори за Статусниот договор со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (3-6-9); и**

- **Иницирани технички состаноци со ЕК за усогласување на националниот систем со релевантните барања на ЕУ и Шенген правилата (3-6-9).**

**Закони**

- **Подготвен Предлог Законот за азил и времена заштита согласно препораките на експертот на ЕК (3-6-9).**

**Шест настани**

- Учество во организацијата на финалниот натпревар од Супер купот на УЕФА, преку преземање мерки и активности за одржување на стабилна безбедносна состојба, јавен ред и мир, како и гарантирање на безбедноста на учесниците на натпреварот, претставниците на УЕФА и навивачите;
- Посета на Агенцијата на Европската унија за обуки за спроведување на законот – ЦЕПОЛ во Будимпешта со цел потпишување на Работен аранжман помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и ЦЕПОЛ;
- Посета на СВР Скопје;
- Учество на конференција "Јавно-приватно партнерство во борбата против трговија со луѓе" во Москва, Руска Федерација, организирана од страна на Специјалниот претставник и координатор за борба против трговија со луѓе на ОБСЕ, амбасадорот Мадина Јарбусинова во соработка со Министерството за надворешни работи на Руската Федерација; и
- Учество и обраќање на МАРРИ Министерскиот Форум во Белград.

**Над 40 средби со**

- Независниот синдикат на професионалните војници;
- Министерот за внатрешни работи на Унгарија, д-р Сандор Пинтер, за потпишување на Договор за полициска соработка кој му беше доставен на Министерот за внатрешни работи на Унгарија;
- Министерот за безбедност на Босна и Херцеговина, Драган Мектиќ, како дел од делегација предводена од Претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, при што се разговараше и за можноста за потпишување на договор помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за патување со лични карти за граѓаните;
- Делегација на УНДП, предводена од Луиза Винтон, постојана координаторка на Обединетите нации и постојана претставничка на УНДП;
- Директорот на Генералната дирекција на полиција на Република Турција, г. Селами Алтинок;
- Членовите на работната група формирана во рамки на Проектот на Совет на Европа „Јакнење на почитување на човековите права при полициското постапување" во која членуваат претставници на Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Јавното обвинителство на Република Македонија, Народниот правобранител, судија на Врховниот суд, претставници од експертската и научната јавност, како и од граѓанскиот сектор, за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на вработените во Министерството за внатрешни работи со полициски овластувања и затворската полиција;
- Амбасадорката Мадина Јарбусинова, специјална претставничка и координаторка за борба против трговија со луѓе при ОБСЕ;
- Извршната секретарка на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговија со луѓе, Петја Несторова;
- Националниот координатор за борба против трговија со луѓе на Црна Гора, Зоран Улама; и
- Над 30 средби со амбасадори акредитирани во Р. Македонија.

# ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## – Бујар Османи

Секретаријатот за европски прашања, покрај многубројните активности, по неколкугодишна пауза, го реактивираше Работниот комитет за европски интеграции (РКЕИ), и го одржа 36 состанок на истиот. Од страна на Владата беше усвоена ревизијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија 2017, најобемниот плански документ кој го насочува процесот на европска интеграција на Македонија. Истиот одржа 4 трибини и една тематска консултација, а учествуваше и на 3 посети. Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања оствари над 53 средби со претставници на домашни и странски државни институции, претставници на меѓудржавни институции и граѓански организации, како и со амбасадори акредитирани во РМ.

**Реформи**

- По неколкугодишна пауза, реактивиран Работниот комитет за европски интеграции (РКЕИ), и одржан 36 состанок;
- Одржана обука за пополнување апликации за Инвестициска рамка за Западен Балкан;
- Усвоена ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија 2017, најобемниот плански документ кој го насочува процесот на европска интеграција на Македонија;
- Отворен повик за проектни предлози со помош од Кралство Норвешка во повеќе области;
- Отворен повик за кофинансирање на инфраструктурни проекти „Инвестициска рамка за Западен Балкан" (Western Balkans Investment Framework – WBIF) за 2017 година за секторите: енергетика, транспорт, животна средина и социјална политика до крај на ноември 2017;
- Обезбеден грант за техничка помош за рехабилитација казнено-поправните домови;
- Потпишана финансиска спогодба за ИПАРД 2014-2020;
- Ревидирана оперативна Програма за Транспорт ИПА 2;
- Склучени 14 договори со вкупен износ од околу 4 милиони евра во рамки на Инструментот за поддршка на процесот на ЕУ интеграција;
- Иницирани предлози за зајакната секторска координација, искористување на ИПА и МАСТЕР ПЛАН со поддршка на проектот;
- Финализирано годишното програмирање за ИПА 2017;
- Најавено отпочнување на процесот на програмирање ИПА 2018 и 2019;
- Добиено овластување од Владата на Република Македонија на НИПАК за потпишување на Финансиска спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија за финансирање во однос на повеќегодишната Оперативна програма „Регионален развој" за помош од Заедницата за инструментот за претпристапна помош во рамки на компонентата „Регионален развој";
- Добиено овластување од Владата на Република Македонија на НИПАК за потпишување на Финансиска спогодба за Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 – 2017 година, за алокацијата за 2017 година - ИПА 2017/038-164;
- Потпишана Спогодба за дополнување на стратешкиот проект за изградба на заедничка зграда Белановце Станчиќ во рамки на програмата за прекугранична соработка со Косово;
- Преведени 867 авторски страници од англиски јазик на македонски јазик и 106 авторски страници од македонски јазик на англиски јазик.

**Седум настани**

- Одржана трибина „ИПА: ПРЕСЕК И СОСТОЈБА - Унапредување на апсорпцијата на ИПА средствата“ со 300 претставници на граѓански организации;
- Одржана трибина „Имплементација на мерките од Планот 3-6-9 во делот на изборите“;
- Одржана трибина со претставниците на граѓанскиот сектор за имплементација на Планот 3-6-9;
- Одржана презентација на Планот 3-6-9 пред Амбасадорот на ЕУ Самуел Жбогар и амбасадорите на земјите-членки на ЕУ;
- Одржани тематски консултации со претставници на граѓанските организации „ЕУ интеграцијата треба да не обединува сите“, заедно со претседателот на Владата Зоран Заев;
- Учество на комеморација по повод смртта на поранешниот премиер на Косово, Бајрам Реџепи; и
- Остварена посета, заедно со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски на успешен проект реализиран со средства од ИПА, компонентата бр. 5 ИПАРД 2007-2013, проект за модернизација и опремување на Фитосанитарната лабораторија при Институтот за Земјоделие.

**Над 53 средби со**

- Грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕиас за унапредување на соработката меѓу двете земји кои што се отворија со новиот политички импулс во односите со соседите кој го донесе новата Влада;
- 2 средби со Михаел Рот, државен министер за Европа при Министерството за надворешни работи на Германија;
- Заменик претседателот на Владата на Бугарија задолжен за ЕУ фондови и економска политика, Томислав Дончев;
- Заменик министерот за надворешни работи на Република Естонија, задолжен за Европски прашања, Матти Маасикас;
- Генералниот директор на Генералниот директорат за проширување и соседска политика, Кристијан Даниелсон, заедно со министерот за правда Билен Саљији и министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски;
- Високата претставничка за надворешна и безбедносна политика на ЕУ Федерика Могерини, во делегација на Република Македонија предводена од премиерот Заев;
- 2 средби со комесарот за проширување, Јоханес Хан;
- Претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск;
- Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, во делегација на Република Македонија предводена од премиерот Заев;
- Никола Бертолини, раководител за соработка во Делегацијата на Европската унија во Скопје (ДЕУ) за состојбите околу реализацијата на проектите и апсорпцијата на ИПА средствата;
- Директорката за континентална Европа при француското Министерство за надворешни работи, Флоренс Манжин;
- Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, на која беше претставен Планот 3-6-9;
- Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски;
- Министерот за правда, Билен Саљији по повод зачленувањето на Република Македонија во Агенцијата за фундаментални права (FRA) на Европската унија, процес кој е започнат уште во 2008 година кога и формално како држава имаме побарано членство во Агенцијата;
- Министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски;
- Претставници на Државна изборна комисија;
- Претставници од надлежните институции од Република Македонија и надлежните генерални директорати од ЕК за координација по одржаниот тринаесетти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување;

- Претставници на институциите во чија надлежност е имплементацијата на мерките за правосудството предвидени во Планот 3-6-9, заедно со Министерство за правда;
- Претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Ѓорѓи Сламков, посветен на имплементацијата на мерките од Планот 3-6-9, а кои се во надлежност на Комисијата;
- Народниот правобранител, Иџет Мемети;
- Шефицата на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за последните парламентарни избори, Кајетана Де Зулуета;
- Александар Калвајт, раководител за меѓународна соработка при фондацијата Фридрих Еберт;
- Ларс Хансел, раководител на Одделот за Европа при Фондацијата Конрад Аденауер;
- Адреас Гис, директор на Директоратот за развојна соработка во Сојузното министерство за економска соработка и развој;
- Кристоф Бајер, потпретседател на Управниот Одбор на ГИЗ (Германската агенција за меѓународен развој);
- Претставникот на УНИЦЕФ во Република Македонија, Бенџамин Перкс;
- Постојаната координаторка на УНДП и постојана претставничка на ОН, Луиза Винтон;
- Работен појадок со амбасадорите и нивните претставници, на земјите од Западен Балкан - Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Косово, Република Црна Гора и Република Србија;
- Амбасадорката на Швајцарија, Сибил Сутер Тејада;
- Амбасадорот на Кралството Шведска, Матс Стафансон;
- Амбасадорот на Кралството Холандија, Валтер Пломп;
- Амбасадорот на Унгарија, Ласло Иштван Дукс;
- Амбасадорот на Република Италија, Карло Ромео;
- Амбасадорката на ОБСЕ, Нина Суомалаинен;
- Амбасадорот на Словачка, Мартин Безак;
- Амбасадорот на Обединетото Кралство, Чарлс Едмунд Гарет;
- Амбасадорот на  Кралството Шпанија, Рамон Абароа Каранза;
- Амбасадорот на Република Полска, Јацек Стефан Мултановски;
- Амбасадорот на Република Грција, Димитриос Јанакакис;
- Амбасадорката на Република Хрватска, Данијела Баришиќ;
- Амбасадорот на САД, Џес Бејли;
- Амбасадорот на Европската унија во Македонија, Самуел Жбогар;
- Амбасадорката на Република Австрија, Ренате Коблер;
- Амбасадорот на Република Албанија, Фатос Река;
- Амбасадорите на земјите членки на ЕУ, под водство на претседателот на Владата г-динот Заев;
- 2 средби со амбасадорот на Француската Република, Кристиан Тимоние;
- Редовниот циклус на состаноци, согласно воспоставениот мониторинг механизам за следење на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕК;
- Советот за стабилизација и асоцијација (Советот за СА) меѓу Република Македонија и ЕУ, како највисока форма на институционална соработка меѓу двете страни, заседава на годишна основа, на ниво на министри за надворешни работи; и
- 14-тиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија (КСА) се одржа на 29 јуни 2017 година во Брисел.

# ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА

## - д-р Кочо Анѓушев

Заменик претседателот на Влада задолжен за економски прашања д-р Кочо Анѓушев, заедно со својот тим, подготви иницијатива за враќање на евтината тарифа на електричната енергија и започна со изработка на нов модел за поддршка на инвеститорите за посилен економски раст преку еднаков третман на домашните и странски инвеститори. Истиот започна со подготовка на три законски решенија, имено за измена на рокот за пријавување за запишување на правата на недвижности и за запишување на податоците од инабулационите книги во Катастарот на недвижности, Предлог-закон за енергетика и Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад.

### Реформи

- Иницијатива за враќање на евтината тарифа на електричната енергија;
- **Одлука на Владата за декласифицирање на договорите за доделување на државна помош на странските инвеститори (3-6-9);**
- Детална анализа на ефектите од спроведувањето на досегашните политики за привлекување на странски инвестиции;
- Одлука на Владата за формирање на координативно тело за соработка на странските инвеститори со домашните компании;
- Процес на изработка на нов модел за поддршка на инвеститорите за посилен економски раст преку еднаков третман на домашните и странски инвеститори;
- Подготвување на проект за владино субвенционирање на изградба на 20MW фото-напонска електрана; и
- Разгледување на опциите за енергетска независност, со што би се вратила изгубената енергетска сигурност и стабилност на Република Македонија.

### Закони

- Подготовка на Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад;
- Подготовка на Предлог-измена на Закон за измена на рокот за пријавување за запишување на правата на недвижности и за запишување на податоците од инабулационите книги во Катастарот на недвижности; и
- Подготовка на Предлог-закон за енергетика кој ќе биде усогласен со Третиот енергетски пакет, преземен како обврска од Енергетската заедница.

### Средби

- Сите активни странски инвеститори и сите потенцијални инвеститори.

# ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР И ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ

## – Хазби Лика

Заменик претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички системи, Хазби Лика изготви Предлог-закон за употреба на јазиците кој беше усвоен од страна на Владата на Република Македонија и пратен во собраниска процедура. Оствари над 12 средби и учествуваше на 16-годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

**Закони**

- **Предлог-закон за употреба на јазиците (3-6-9).**

**Еден настан**

- 16 годишнина од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

**Над 12 средби со**

- Амбасадорот на Република Албанија, Фатос Река;
- Шефицата на Мисијата на ОБСЕ, Нина Суомалаинен;
- Амбасадорот на Република Франција, Кристиан Тимоние;
- Амбасадорката на Република Австрија, Ренате Коблер;
- Амбасадорот на Велика Британија, Чарлс Гарет;
- Амбасадорот на Европска Унија, Самуел Жбогар;
- Амбасадорката на Швајцарската конфедерација, Сибил Сутер Тејада;
- Амбасадорката на Република Хрватска, Данијела Баришиќ;
- Амбасадорот на САД, Џес Бејли; и
- Заменик амбасадорот на Италија, Фабио Кристијани.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

## (министер Никола Димитров)

Преземени се интензивни дипломатски активности за зајакнување на разнишаната позиција на Република Македонија на меѓународната сцена со кои Македонија излезе од изолација. Министерот за надворешни работи оствари 113 средби во и вон РМ со министри за надворешни работи, амбасадори, други странски претставници и претставници на граѓанскиот сектор со кои ги обнови пријателствата со земјите во светот, но и дијалогот со ЕУ од која се очекува чиста и безусловна препорака за старт на пристапните преговори како што беше нотирано и од шефицата на европската дипломатија Могерини и од комесарот Хан. Исто така, по две години пауза, беше одржан 13-тиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија , додека НАТО гледа на Република Македонија како "важен партнер" во реализацијата на нивната мисија. Беше потпишан Договор за добрососедство со Република Бугарија, а министерот за надворешни работи на Грција, Никос Коѕиас нагласи дека е „многу задоволен за позитивните резултати од заедничките мерки за добрососедство". Во насока на транспарентност и отвореност на Министерството за надворешни работи, сите документи поврзани со службените патувања на вработените во МНР повторно станаа информации од јавен карактер. Беше потпишан и Протокол со Владата на Република Косово за заедничкиот граничен премин Белановце - Станчиќ, како и изјави за соработка со Кралството Шведска и Кралството Норвешка. МНР ја организираше конференцијата „Република Македонија кон целосно членство во НАТО", а претставници од Министерството присуствуваа на повеќе од шеснаесет настани меѓу кои и Состанокот на Процесот „Брдо Бриони", Глобалниот форум во Варшава, НАТО Самитот во Подгорица и Самитот за Западен Балкан во Трст.

### Реформи

- Со решение на Министерот за надворешни работи, **документите поврзани со службените патувања на вработените во МНР повторно станаа информации од јавен карактер (3-6-9).**

### Склучени соработки

- Потпишан Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за заедничкиот граничен премин Белановце - Станчиќ;
- Потпишана Декларација за соработка помеѓу Кралството Шведска и Република Македонија; и
- Заедничка изјава за партнерство и соработка помеѓу Кралството Норвешка и Република Македонија.

### Седумнаесет настани

- Конференција „Република Македонија кон целосно членство во НАТО", организирана од Министерството за надворешни работи;
- Учество на министерот Димитров на состанокот на Процесот „Брдо Бриони";
- Учество на директорот за конзуларни работи во МНР, Звонимир Поповиќ на петтиот состанок на Постојаната мешовита гранична комисија меѓу Република Македонија и Република Грција;
- Учество на министерот Димитров на традиционалниот Дубровник форум насловен „Јадранско-медитеранската соработка и безбедноста во Југоисточна Европа";
- Учество на министерот Димитров на состанокот на министрите за надворешни работи на земјите учеснички во Процесот за соработка во Југоисточна Европа;
- Учество на министерот Димитров на Глобалниот форум во Варшава во ко-организација на Атлантскиот совет и Полскиот институт за меѓународни односи;

- Учество на заменик министерот за надворешни работи на неформалниот состанок на министрите за надворешни работи на земјите учеснички во ОБСЕ;
- Учество на министерот Димитров на Самитот за Западен Балкан во Трст;
- Учество на министерот Димитров на тринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија;
- Учество на министерот Димитров на НАТО Самитот во Подгорица, како дел од делегацијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев;
- Шести состанок за мерките за градење на доверба помеѓу Република Македонија и Република Грција;
- Втор состанок на Заедничкиот управен комитет за Рамката за развојна соработка со ОН, насловена „Партнерство за одржлив развој: Стратегија на ОН за 2016-2020“;
- Обраќање на министерот Димитров пред Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија;
- Обраќање на министерот Димитров пред претставници на институциите на ЕУ, државите членки на ЕУ, тинк-тенкови кои се занимаваат со европски политики и академици во Брисел;
- Посета на група од 20-тина студенти на Мандел школото за лидерство, гости на Дипломатската академија на МНР; и
- Посета на студенти од Trieste School of Management од Трст, Италија.

**Над 80 средби со**

- Амбасадорот на Република Словенија, д-р Милан Јазбец;
- Амбасадорката на Република Хрватска, Даниела Баришиќ;
- Извршниот одбор на Синдикатот на Македонската дипломатска служба;
- Францускиот амбасадор во Република Македонија, Кристиан Тимоние;
- Амбасадорот на Европската унија, Самуел Жбогар;
- Амбасадорот на Словачката Република, Мартин Безак;
- Амбасадорот на САД во Република Македонија, Џес Бејли;
- Премиерот на Република Бугарија, Бојко Борисов;
- Амбасадорката на Република Турција, Тулин Еркал Кара;
- Амбасадорот на Кралството Холандија, Валтер Плоумп;
- Амбасадорот на Италијанската Република во Република Македонија, Карло Ромео;
- Амбасадорот на Кралството Норвешка во Република Македонија, Арне Санес Бјорнстад;
- Министерот за надворешни работи на Кралството Холандија, Берт Кундерс;
- Министерот за надворешни работи на Република Грција, Никос Коsијас;
- Претседателот на Република Грција, Прокопис Павопулос;
- Високиот претставник на Нова демократија во Република Грција, Јоргос Кумуцакос;
- Амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, Олег Шчербак;
- Шефицата на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, Нина Суомалаинен;
- Министерот за надворешни работи на Република Турција, Мевлүт Чавушоглу;
- Амбасадорката на Австралија, Џулија Фини;
- Амбасадорката на НР Кина, Н.Е. Јин Лисјен;
- Шефицата на Набљудувачката мисија на ОБСЕ за предвремените парламентарни избори во Македонија, Тана де Зулуета;
- Амбасадорката на Република Австрија во Република Македонија, Ренате Коблер;

- Амбасадорот на Обединетото Кралство, Чарлс Гарет;
- Министерот за надворешни работи на Кралството Норвешка, Борге Бренде;
- Претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ;
- Високиот експерт на Европската унија, Рајнхард Прибе;
- Амбасадорот на Црна Гора, Предраг Митровиќ;
- Амбасадорот на Република Полска, Јацек Мултановски;
- Директорката за Западен Балкан во Генералната дирекција за соседска политика и преговори за проширување на Европската Комисија, Џеновева Луиз Калавера;
- Амбасадорот на Јапонија, Кеико Ханеда;
- Амбасадорката на Босна и Херцеговина, Лепа Бабиќ;
- Амбасадорот на Унгарија, Ласло Иштван Дукс;
- Амбасадорот на Република Албанија, Фатос Река;
- Амбасадорот на Кралството Шпанија, Рамон Абароа;
- Заменикот помошен државен секретар на САД за Европа и Евроазија, Хојт Брајан Ји;
- Специјалниот пратеник на ОН за разговорите за името меѓу Република Македонија и Република Грција, Метју Нимиц;
- Шефот на Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје, морнаричкиот капетан Горазд Бартол;
- Директорката за Континентална Европа во француското МНР, Флоренс Манжен;
- Претставници од Европската банка за обнова и развој;
- Претставникот на УНИЦЕФ во Македонија, Бенџамин Перкс;
- Резидентната координаторка на ОН во Македонија, Луиза Винтон;
- Амбасадорот на Исламска Република Иран, Хосеин Карими;
- Амбасадорот на Грција, Димитрис Јанакакис;
- Амбасадорката на Република Србија, Душанка Дивјак - Томиќ;
- Министерот за надворешни работи на Полска, Витолд Вашчиковски;
- Министерот за надворешни работи на Република Австрија, Себастиан Курц;
- Германскиот државен министер, Михаел Рот;
- Министерката за надворешни работи на Австралија, Џули Бишоп;
- Амбасадорот на Холандија, Вутер Пломп;
- COREPER амбасадорите и постојаните претставници на земјите членки во Брисел;
- Заменик премиерот и министер на Кралството Белгија, Дидие Рејндерс;
- Амбасадорот на Финска, Перти Иконен;
- Амбасадорот на Канада, Филип Пинингтон;
- Заменик министерот за надворешни работи на Република Естонија задолжен за европски прашања, Матти Маасикас;
- Помошникот генерален секретар на НАТО за јавна дипломатија, Тачан Илдем;
- Амбасадорот на Израел, Дан Ориан;
- Амбасадорката на Швајцарската Конфедерација, Сибил Сутер Тејада;
- Министерот за надворешни работи на Албанија, Дитмир Бушати;
- Директорката за Западен Балкан во Форин и Комонвелт Офисот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Фиона МекИлвам;
- Амбасадорот на Кралството Шведска, Матс Стафансон;
- Амбасадорот на Република Азербејџан, Фаиг Багиров;

- Претставници на отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа, Националниот демократски институт-Македонија и Институтот за европска политика;
- Претседателот и извршниот директор на Евротинк, Андреја Стојковски и Љупчо Петковски;
- Заменик претседателката на Влада и министерка за надворешни работи на Република Бугарија, Екатерина Захариева;
- Државниот министер на Катар, Ал Мураики;
- Делегација од Обединетите Арапски Емирати;
- Министерот за надворешни работи на Кралството Данска, Андерс Самуелсен;
- Министерот за надворешни работи на Република Финска, Тимо Соини;
- Амбасадорот на СР Германија, Томас Норберт Герберих;
- Претставник на Светската Здравствена Организација, Д-р Жихан Тавила;
- Амбасадорот на Арапска Република Египет, Манал Јехиа Ел Шинави;
- Ханс Ван Бален, член на Европскиот парламент и претседател на Алијансата на Либерали и Демократи за Европа;
- Заменик претседателот на Владата на Република Србија и министер за надворешни работи, Ивица Дачиќ;
- Претседателот на Европскиот Совет, Доналд Туск;
- Високата претставничка за заедничка надворешна и безбедносна политика на Европската унија и потпретседателка на Европската комисија, Федерика Могерини;
- Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан;
- Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг;
- Државниот секретар за европски прашања во Министерството за надворешни работи на Република Германија, Михаел Рот; и
- Германската амбасадорка, Кристине Д. Алтхаузер.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

## (министер Драган Тевдовски)

Преку ребаланс на буџетот беа скратени непродуктивните трошоци, како реклами, трошоците за Скопје 2014, службени патувања, репрезентација, автомобили и сл., а предвидени се повеќе пари за здравство, за социјална заштита и за активни мерки за вработување. Дополнително, предвидени се средства за мерки за поддршка на граѓаните и домашните компании, како покачување на минималната плата, решавање на проблемот на стечајците, **укинување на радиодифузната такса (3-6-9)**, поддршка на домашни мали и средни претпријатија и земјоделците, и одмор на работниците со ниски плати. Со цел транспарентно известување на граѓаните, Министерството за финансии го објави Граѓанскиот буџет, како и анализата на доходовна нееднаквост која е изготвена за прв пат од осамостојувањето на Македонија. Освен воведувањето на нови и објавувањето на редовните извештаи, Министерството ги унапреди содржината и форматот на постојните. Подготвени се измени на четири закони, и тоа Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, за извршување на Буџетот за 2017 г., за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, како и измени во насока на унапредување на буџетскиот процес и зголемување на транспарентноста. Најдобар и најбрз одраз на определбата на Министерството за финансии и на Владата за редовно сервисирање на обврските и раздолжување кон стопанството претставува повратот на ДДВ. Од почетокот на мандатот, повратот на ДДВ беше неселективно и редовно исплаќан од трезорот, што вбризгува ликвидност во фирмите. Дополнително, Министерството за финансии активно управуваше со јавниот долг и работеше на намалување на фреквенцијата на побарување на државни хартии од вредност, а беа склучени и неколку договори со општини во Македонија. Претставници на Министерството учествуваа на три настани и остварија над 12 средби со релевантни институции.

**Реформи**

- Обезбедени се средства за субвенционирање на минималната плата, со цел од септември таа да се покачи на 12.000 денари;
- За активните политики и мерки за поддршка на вработувањето во приватниот сектор, со ребалансот се дополнително алоцирани 112 милиони денари и тие ќе изнесуваат 667 милиони денари;
- Поддршка на малите и средни претпријатија и поддршка на домашни гринфилд инвестиции од околу 135 милиони денари до крајот на годинава;
- Поддршка на домашниот туризам преку субвенционирање на работниците со ниски приходи во износ од 60 милиони денари;
- Решавање на материјалното обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатија со доминантна државна сопственост, односно стечајните работници од овие претпријатија кои досега не биле опфатени со постојните законски решенија;
- Субвенционирање на Македонската радио телевизија со укинување на радиодифузната такса и ослободување на граѓаните од оваа јавна давачка;
- Поддршка за ИПА проекти во износ од 500 милиони денари за буџетско учество и повлекување донации со цел да се обезбеди интензивирање на активностите поддржани од ЕУ во претпристапниот период, како и поголема искористеност на европските фондови;
- Објавување на Граѓанскиот буџет со цел претставување на клучните информации од Буџетот на Република Македонија на разбирлив начин за не експертската јавност;
- Објавување на анализа за доходовната нееднаквост за прв пат во историјата на Република Македонија;
- Министерството за финансии започна со објавување на податоци за остварување на приходите и извршување на расходите на Општиот буџет на Република Македонија на квартално ниво;

- Унапредување на содржината и промена во форматот на Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Македонија за првите шест месеци од 2017 г.;
- Воведување на нов статистички билтен;
- Унапредување на содржината на Кварталниот економски извештај на Министерството за Финансии;
- Унапредување на содржината на месечниот извештај Краткорочни економски движења на Министерството за финансии;
- Подготвено нацрт известување до меѓународната организација Open Budget Index;
- Дополнување на временските серии за структурата на јавниот долг почнувајќи од 2008 г.;
- Објавување на детална табела за реализирани аукции на државни хартии од вредност;
- Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг за 2016 г.;
- Објавување на неплатените обврски на државните институции, со пресечен датум 31.05.2017;
- Објавување на извршувањето на буџетите на ЕЛС по квартали;
- Подготовка на апликативно решение со цел неплатените обврски да бидат систематски евидентирани;
- Подготовка на Буџетот на Република Македонија за 2018 г. и Среднорочна фискална стратегија 2018-2020;
- Уредба за институционалната рамка на системот за борба против неправилности и измами;
- Намалена фреквенцијата на побарување на домашни хартии од вредност, од 3-4 пати во текот на месецот, на 2 пати месечно; и
- Објава на календар за аукции за К3 и К4 на државни хартии од вредност.

**Закони**

- Предлог-измена на Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- Усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2017 г. и дополнување на Законот за извршување на Буџетот за 2017г. од страна на Собранието;
- Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација; и
- Измена на Законска регулатива во насока на унапредување на буџетскиот процес и зголемување на транспарентноста.

**Проекти**

- Реализација на проекти кои произлегуваат од Законот за субвенциониран станбен кредит;
- Склучени договори за изградба на детска градинка во општина Сопиште; и
- Склучени договори за изградба на локални улици и подобрување на водоснабдувањето во општина Чешиново-Облешево.

**Исплата**

- Исплата на заемот кон Дојче банк од 2012 година во висина од 77,3 милиони евра.

**Три настани**

- Учество на конференција на Меѓународниот монетарен фонд;
- Иницијален состанок за подготовка на Програмата за економски реформи за 2018 г. на кој беа поканети и учествуваа претставници од невладиниот сектор, универзитетите, претставници од меѓународните финансиски институции и амбасадите во Република Македонија; и

- Консултативен состанок помеѓу министри од Владата на Република Македонија и универзитетски професори.

**Над 12 средби со**

- Делегација на Европска комисија;
- Амбасадорите на Велика Британија, Франција, Швајцарија, Холандија, САД и Израел;
- Меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори (Светска Банка, Европска банка за обнова и развој, Банката за развој при Советот на Европа, КфВ); и
- Претставничката на ОН и координаторка на УНДП во Македонија, Луиза Винтон.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

## (министер Арбен Таравари)

Министерството за здравство воведе нова услуга „Добредојде бебе" преку која родителите ќе можат да добијат извод од матичната книга на родени за само два дена, донесе одлука за намалување на цената на менингококната вакцина за лицата кои одат на аџилак на 1000 денари, и побара од сите јавни здравствени установи да се изјаснат што им недостасува во однос на апаратура и кадар, како и за поефикасно користење на буџетските средства. Беа модификувани упатите за закажување преглед и времетраењето на преглед во јавните здравствени установи. Во тек е изработка на апликација за полесен пристап до базата на можни органодарители, а се работи и на изнаоѓање ново решение за надминување на настанатиот проблем со издавањето на електронските здравствени картички. Дополнително, се подготвува повеќегодишна Национална стратегија во соработка со Светската здравствена организација (2020-2030), како и првата Национална стратегија за елиминација на хепатит до 2030 г. Донесена е одлука за изработка на регистри за малигни заболувања и за други болести, а во тек се и подготовки за ратификација на „Истанбулската конвенција". Беа организирани и три настани за успешно затворање на проектот за трансплантација на органи, за комплетно чистење на Клиничкиот центар и за поставување на нови тријазични табли за ориентација во Клиничкиот центар „Мајка Тереза".

**Реформи**

- Воведување на услуга „Добредојде бебе" преку која родителите ќе можат да добијат извод од матичната книга на родени за само 2 дена;
- Продолжено времетраењето на преглед во јавните здравствени установи;
- Активности за растоварување на терциерното здравство;
- Изработка на апликација за полесен пристап до базата на можни органодарители;
- Модификација на упатите за закажување преглед (воведување на итен и упат без термин)
- Активности за изнаоѓање на ново решение за надминување на настанатиот проблем со издавањето на електронските здравствени картички;
- Формирана работна група за решавање на долгогодишниот проблем со неплаќање на специјализантите;
- Воведени комплетни лабораториски испитувања во трета смена во Детската болница Козле;
- Зголемена контролата на трошоци во сите јавни здравствени установи;
- Се разгледуваат можностите за вработување на најдобрите студенти од Медицински факултет веднаш по завршување на студиите;
- Во тек е модификација на проектот „Плаќање по учинок" (укинати се казните);
- Успешно надминат проблемот со гинеколог во Шуто Оризари;
- Отворена телефонска линија преку Viber и WhatsApp - #ЗдравоТаравари;
- Подготовка на повеќегодишна Национална стратегија во областа на здравството во соработка со Светската здравствена организација (2020-2030)
- Реализација на Facebook кампањи „Твој доктор" и „Моја визија";
- Формирање на работни групи за подобра координација и комуникација со граѓанските здруженија од областа на здравството;
- Обезбеден буџет за функционирање на сервисите за поддршка на лицата со ХИВ, корисниците на дроги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници;
- Подготовка на прва национална стратегија за елиминација на хепатит до 2030 г.;
- Активности за ослободување од партиципација на ранливите групи;

- Подготовки за ратификација на „Истанбулската конвенција“;
- Презентирање на среднорочната ревизија на Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје и Акцискиот план за имплементација 2017-2020;
- Одлука за изработка на регистри за малигни заболувања и за други болести;
- Укинато претходно донесеното решение за зголемување на цените на лекови;
- Намалена цената на менингококната вакција за лицата кои одат на аџилак на 1000 денари; и
- Одлука за обезбедување на медицински кадар и професионална поддршка за потребите на дневен центар за аутизам во соработка со МТСП.

**Закони**

- Измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита;
- Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства; и
- Предлог Закон за измени и дополнувања на Законот за медицински студии и континуирано стручно усовршување на доктори по медицина.

**Три настани**

- Успешно затворање на проектот за трансплантација на органи, доделени благодарници и потврди на семејствата-органодарители;
- Акција за комплетно чистење на Клиничкиот центар; и
- Поставување на нови тријазични табли за ориентација во Клинички центар „Мајка Тереза“.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

## (министер Билен Саљији)

Република Македонија официјално стана членка на Агенцијата за фундаментални права на Европската унија. Подготвувањето на Стратегијата за реформи во правосудството е во завршна фаза, а во тек се и активности за формирање на работни групи кои ќе работат на Предлог законот за укажувачи, на Законот за заштита на сведоци и на Законот за заштита на приватноста. Во собраниска процедура за усвојување е и Предлог-законот за употреба на јазиците, а се подготвуваат и измени на Законот за утврдување на факти, Законот за нотаријат и Законот за извршување. Претставници на Министерството за правда остварија над 15 средби со амбасадори и претставници на релевантни институции и присуствуваа на седум настани.

**Реформи**

- **Во подготвителна фаза е формирање на Работна група која ќе работи на Предлог законот за укажувачи (3-6-9);**
- **Се подготвува формирањето на Работна група задолжена за работа на Законот за заштита на сведоци (3-6-9);**
- **Во тек е формирањето на Работна група која ќе работи на измените и дополнувањата на Законот за заштита на приватноста (3-6-9);**
- **Формирана е Работна група за изготвување Предлог-закон за изменување на Законот за Судски совет на РМ и Законот за судови (3-6-9);**
- **Формиран е Совет за реформа во правосудниот сектор (3-6-9); и**
- **Во завршна фаза е изготвувањето на Стратегијата за реформи во правосудството (3-6-9).**

**Закони**

- **Предлог-закон за употреба на јазиците кој е во собраниска процедура за усвојување (3-6-9);**
- **Подготовка на Предлог-закон за укинување на Законот за утврдување на факти (3-6-9);**
- **Подготовка на Предлог-закон за измени на Законот за Судски совет на Република Македонија (3-6-9);**
- Во изработка е Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат; и
- Се подготвува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување.

**Седум настани**

- Заедничко обраќање до медиуми и средба на министерот Саљији и Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања Бујар Османи, по повод зачленувањето на Република Македонија во Агенцијата за фундаментални права на Европската унија;
- Учество на 14-тиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија (КСА) во Брисел;
- Координативен состанок во врска со Стратегијата за реформа во правосудниот сектор;
- **Работна средба со претставниците на Работната група за изготвување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (3-6-9);**
- Присуство на министерот на Летната школа за магистранти и докторанти на право и политички науки во Охрид; и
- **Два состаноци на членовите на Советот за реформа на правосудниот сектор (3-6-9).**

**Над 15 средби со**

- Амбасадорот на САД, Џес Бејли;
- Претставници на Нотарската комора на Република Македонија;
- Шефицата на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, амбасадорката Нина Суомалаинен;
- Амбасадорот на Република Албанија, Фатос Река;
- Амбасадорот на Франција, Кристијан Тимоние;
- Амбасадорот на Кралството Холандија, Вилем Ваутер Пломп;
- Високиот експерт на Европската унија, Рајнхард Прибе;
- Амбасадорката на Федералната Република Германија, Н.Е. Д-р Кристине Д. Алтхаузер;
- Претседателот на Здружението на судиите на Република Македонија, д-р Џемали Саити;
- Амбасадорот на Велика Британија, Чарлс Герет;
- Претседателот на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓаните на Република Македонија, Пеце Грујовски;
- Амбасадорката на Република Хрватска, Данијела Баришиќ;
- Обвинителката Реј Вудс, правен советник во Амбасадата на САД во Скопје;
- Претставникот на УНИЦЕФ во Република Македонија, Бенџамин Перкс; и
- Амбасадорот на Италија, Карло Ромео.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## (министер Горан Сугарески)

Министерството за транспорт и врски ги намали цените на услугите на Катастарот до 50% и потпиша договори за основање на транспортна заедница, како и изградба на експресен пат од Градско до Дреново за кој се обезбедени 35,4 милиони евра грант од ЕУ. Исто така, обезбедени се средства за изградба на пругата кон Република Бугарија како дел од Коридор 8, пругата Битола – Кременица, патната делница од Прилеп до Раец, како и средства за подобрување на водоснабдувањето во општините Гевгелија, Гостивар и Кавадарци. Министерството за транспорт и врски промовираше три нови ниско буџетни авио линии на Wizz Air, како и авиолинијата Доха-Скопје на Qatar Airways.

**Реформи**

- Усвоена е ревидираната Секторска оперативна програма за транспорт 2014-2020; и
- Намалување на цените на услугите на Катастарот до 50% и враќање на дел од овластувањата на геодетските фирми.

**Предлог закон**

- Усвоен Предлог-законот за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Два настани**

- Промоција на три нови ниско буџетни авио линии на Wizz Air;
- Промоција на авиолинија Доха-Скопје на Qatar Airways.

**Склучени соработки**

- Меморандум за соработка за железничко поврзување со Република Бугарија;
- Потпишан Договор за основање на транспортна заедница на Самитот во Трст; и
- Потпишан Билатерален договор за изградба на експресен пат од Градско до Дреново со кој се обезбедени 35,4 мил. евра грант од ЕУ.

**Друго:**

- Обезбедени 70 мил. евра грант од ВБИФ за изградба на пругата кон Република Бугарија како дел од Коридор 8;
- Обезбедени се средства за изградба на пруга Битола - Кременица и во тек е постапка за избор на изведувач;
- Обезбедени се 9,5 мил. евра грант за подобрување на водоснабдувањето во општините Гостивар, Кавадарци и Гевгелија од кои 4,5 милиони се грант од СЕКО – Швајцарија и 5 милиони евра грант од KfW; и
- Обезбедени средства за финансирање на патна делница од Прилеп до Раец.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

## (министер Крешник Бектеши)

Министерството за економија ја врати евтината тарифа на електричната енергија, воведе нова мерка од 60 милиони денари за субвенционирање на домашниот туризам и граѓаните со ниски примања и започна со исплаќање на ваучери за одмор на работници со ниски примања и со исплатата за унифицирање на излозите на Старата Скопска Чаршија. Министерството за економија го подготви предлог законот за енергетика, како и измена на 4 други закони со кои предлага укинување на царинската стапка за штавена кожа, листа на стоки за второто полугодие од 2017 година, измени во категоризацијата на угостителските објекти и дополнување на законот за возила. Претставници на Министерството за економија остварија над 10 средби со претставници на бизнис секторот, здруженија и амбасади, учествуваа на 5 настани, а по повод Денот на рударите 28 август 2017 година доделија плакети на 18 најуспешни рудари и благодарници на шест здруженија и институции за посебен придонес во рударството во Македонија.

### Реформи

- Вратена евтината тарифа на електричната енергија, при што беа консултирани сите релевантни чинители вклучувајќи ја и ЕВН и Европската енергетска заедница;
- Воведена нова владина мерка од 60 милиони денари за субвенционирање на домашниот туризам и граѓаните со ниски примања;
- Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерствата за економија на Македонија и Бугарија, односно помеѓу министерот Крешник Бектеши и министерката за енергетика на Република Бугарија, Теменужка Петкова;
- Започната Измена на Протоколот 2 на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција;
- Започнато проектирање на Националната стратегија за туризам 2018-2021 согласно Програмата за развој на туризмот за 2017 година;
- Започнат проект со поддршка од Европската делегација за Ревизија на индустриската политика и изработка на ревидирана индустриска политика;
- Започнато исплаќање за замена на стари со нови ПВЦ прозори во домаќинства за 2017 година, за кои се добиени дополнителни 10 милиони денари со ребалансот на буџетот;
- Започнато исплаќање за унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на законодавството и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите во рамки на Програмата за заштита на потрошувачите 2017-2018 година;
- Започнато исплаќање на ваучери за одмор на работници со ниски примања согласно Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година (по ребаланс на буџетот) донесен на 13.08.2017
- Започната исплатата за унифицирање на излозите на Старата Скопска Чаршија, веќе се унифицирани 12 дуќани од 60 на кои се работи;
- Започнат процесот на исплата по субвенции за Јавен повик на проекти од областа на туризмот; и
- Започнато е извлекување на добитници за соларни колектори во рамки на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени соларни колекторски системи.

**Закони**

- Подготвен Предлог-закон за енергетика;
- Подготвена Предлог измена на Законот за трговија, за укинување на царинската стапка за штавена кожа;
- Подготвена Предлог измена на Законот за услуги за листа на стоки за второто полугодие од 2017 година за кои ќе се користи принципот на распределба „прв дојден – прв корисник“;
- Започнат процесот за измена на Законот за угостителска дејност во делот на категоризацијата на угостителските објекти; и
- Направени први чекори во насока на подготовка на Предлог закон за изменување и дополнување на законот за возила – во тек е разгледување на можноста и оправданоста за воведување на субвенции при купување на возило на електричен погон или поврат на дел од средствата за лица кои ќе купат возило на електричен погон.

**Над шест настани**

- Присуство на свеченоста по повод одбележувањето на Светскиот ден на акредитацијата, во организација на Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Присуство на церемонијата на доделување на сертификати на компании кои го имплементирале ХАЛАЛ стандардот во периодот од јануари до јуни 2017 година, настан кој беше организиран под покровителство на Агенцијата за спроведување на ХАЛАЛ стандардот во Македонија;
- Доделување на плакети на 18 најуспешни рудари и благодарници на шест здруженија и институции за посебен придонес во рударството во Македонија, по повод Денот на рударите 28 август 2017 година;
- Прес по повод потпишувањето на Меморандумот за соработка помеѓу двете министерства, помеѓу министерот Крешник Бектеши и министерката за енергетика на Република Бугарија, Теменужка Петкова;
- Претставување на новата владина мерка од 60 милиони денари за субвенционирање на домашниот туризам и граѓаните со ниски примања; и
- Посета на Израел-дел од владината делегација, присуство и обраќање на бизнис форум во Ерусалим.

**Над десет средби со**

- Делегација на Стопанската комора на Северозападна Македонија предводена од претседателот Неби Хоџа;
- Делегација на претприемачи од Либан предводена од г.Самер Соуфан претседател на Советот на бизнисмени од Либан и претставници од девет големи либански компании;
- Делегација од Европската енергетска заедница предводена од директорот Јанез Копач;
- Претседателот на Здружението на занаетчии «Еснаф» Бејтула Морина и претседателството на ова здружение кое дејствува во Старата чаршија во Скопје;
- Амбасадорот на Велика Британија, Чарлс Гарет;
- Амбасадорот на САД во Македонија, Џес Бејли;
- Амбасадорот на Албанија во Република Македонија, Фатос Река;
- Амбасадорот на Косово во Република Македонија, Илбер Хиса;
- Амбасадорот на Унгарија во Република Македонија, Ласло Иштван Дукс; и
- Амбасадорот на Република Франција во Република Македонија Н.Е Кристиан Тимоние.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## (министер Љупчо Николовски)

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со ребалансот на буџетот, доби зголемен буџет за два милиони евра. Втор пат по 2009 година, изврши авионско снимање на целата територија на Република Македонија согласно европските регулативи и препораки за функционирање на Системот за идентификација на земјишни парцели. Министерството исплати заостанат долг од 207.000 евра за консултантски услуги и неплатени членарини во меѓународни организации, а ги исплати штетите од ланските поплави, субвенциите за земјоделците кои одгледуваат најразлични култури, за сточарите, рибарите, тутунарите, како и за преработувачките капацитети и развој на руралната инфраструктура. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство започна постапка за креирање на законско решение за т.н. евтина зелена нафта и ги направи првите чекори за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој со цел непречена реализација на финансиска поддршка во земјоделство. Претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство остварија над 25 средби со граѓаните, стопанските комори, сите чинители во земјоделскиот сектор како и со претставници на амбасади и меѓународни институции, а учествуваа на 8 настани и беа во повеќе посети во земјоделските региони особено во оние каде што во изминатиот период имаше проблеми со производството или беа погодени од временски непогоди.

**Реформи**

- Зголемен буџетот на Министерството за два милиони евра;
- Донесена одлука од Владата за измени на Програмата за директна финансиска поддршка во земјоделство и на Програмата за рурален развој;
- Донесени 5 нови упатства за поефикасно и контролирано трошење на парите на Министерството;
- Потпишан Меморандум за соработка со Министерство за надворешна трговија и економски односи на Босна и Херцеговина со цел регионална соработка;
- Втор пат по 2009 година, извршено авионско снимање на целата територија на Република Македонија согласно европските регулативи и препораки за функционирање на Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП);
- Потпишан договор за Проектот за реонизација (агро-еколошко зонирање) на земјоделското производство според почвено-климатските услови на реоните во Република Македонија со техничка поддршка на ФАО во износ од 355.000 долари, во времетраење од две години;
- Опремена Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) со течен хроматограф со троен квадрипол детектор на маси;
- Формирани комисии за проценка на штети од временските непогоди што се случија во јуни 2017 година, со цел земјоделците најбрзо да ги добијат парите за обештетување;
- Воведени мерки за исплата на штети врз земјоделски површини од измрзнување и штети од поплави што се случија во 2017 година и тоа Помош за загуби настанати од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2017 година, дополнителна помош од загуби од природни непогоди и неповолни настани;
- Исплатен заостанат долг од 207.000 евра за консултантски услуги за проектот „Програма за наводнување Јужно-вардарска долина" - втора фаза, со што е одблокиран проектот;
- Исплатени 110 милиони денари или близу 1,8 милиони евра за субвенции за земјоделците и преработувачките капацитети;

- Исплатени 354.700.000 денари субвенции на земјоделците за одржување на земјоделски површини со поледелски и градинарски култури, лозови и овошни насади, произведен сертифициран семенски и саден материјал, заклани гоеници, бројлери и амортизирани несилки во кланица, продадени градинарски култури во преработувачки капацитети како и за рурална инфраструктура;
- Исплатени околу 330 милиони денари за субвенции за сточарство, полјоделство, рибарство, тутун и за млад земјоделец;
- Исплатени 82 милиони денари за субвенции за овошни и лозови насади и за штетите од ланските (06.08.2016) поплави во општина Гази Баба;
- Исплатени околу 50 милиони евра субвенции за земјоделството;
- Исплатени неплатените членарини во меѓународни организации во Организацијата за храна и земјоделство при ООН (ФАО), Меѓународната организација за вино, Европската и медитеранска организација за заштита на растенија и Постојаната работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа (SWG);
- Одблокирана исплатата на субвенциите, исплатени 25 милиони евра за тутунарите;
- Завршено аплицирање за финансиска поддршка од неповратни 10.000 евра на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност, на кое конкурирале 662 лица;
- Добиена покана за партнерство на 56-от Интернационален саем за земјоделство и храна „AGRA“ во 2018, што секоја година се одржува во Горна Радгона, во Словенија;
- Распишани се два јавни огласи за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за до 3 хектари и над 3 хектари;
- Решен проблемот со неисправни пумпни станици во неколку системи за наводнување (Паљурци, Тиквешијата), со што се овозможи непречено наводнување на земјоделските површини во овие региони;
- Донесена одлука за дополнителна финансиска поддршка за производителите на лубеници;
- Донесена одлука за дополнителна финансиска поддршка за производителите на праски; и
- Продолжен рокот за аплицирање за првиот повик на ИПАРД 2.

**Закони**

- Започната постапка за креирање на законско решение за т.н. евтина зелена нафта; и
- Донесена одлука за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој со цел непречена реализација на финансиска поддршка во земјоделство.

**Осум настани**

- Посети во земјоделските региони особено во оние каде што овој изминат период имаше проблеми со производството, но и региони кои беа погодени од временските непогоди (посета и средба со граѓани во тетовско Порој, посета и средби со земјоделци во Росоман, посета и средба со земјоделци во струмичкиот регион каде што имаше проблем со откуп на лубеници, теренски состаноци со производители на свинско месо, посета и средби со земјоделци во скопскиот регион кој беше погоден од невремето, посета на браната Конско, посета на браната Паљурци каде што имаше проблем со недостиг на вода за наводнување, посета на опожарени региони);
- Официјалната посета на Израел;
- Официјалната посета на БИХ;
- Учество на Саемот за храна и земјоделство АГРА 2017 во Словенија;
- Учество на тркалезна маса за органско производство;
- Учество на дебата за производство и преработка на свинско месо;
- Учество на работилница за проект на ФАО за задругарство; и
- Учество на работилница за проект на ФАО за консолидација на земјоделско земјиште.

**Над 25 средби со**

- Граѓани – пазарџии и земјоделци во Струга;
- Сите чинители во земјоделскиот сектор (производители на пченица, мелничко-пекарска индустрија, производители на грозје, винарски визби, производители на свинско месо, компании од месна индустрија, здруженија на пчелари, преработувачи на овошје и зеленчук, синдикат на УПОЗ, независен синдикат на полиција);
- Сите стопански комори (Стопанска комора на Македонија, Северозападна комора на Македонија, Сојуз на стопански комори);
- Амбасадори во Република Македонија на САД, Кралство Холандија, Турција, Словенија, Израел, Делегација на ЕУ;
- Министрите од Србија, Црна Гора и БИХ во Сараево за Правилникот на Хрватска за увоз на свежо овошје и зеленчук; и
- Претставници на меѓународни институции УСАИД, Светска банка, германска банка KfW.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

## (министер Дамјан Манчевски)

Со одлука на Владата, воведено е флексибилно работно време за сите вработени во органите на државната управа, а продолжен е и рокот за консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи од 10 до 20 дена. Објавен е отворен повик за коментари на Нацрт Стратегијата за реформата на јавната администрација 2017-2022 и Нацрт Акцискиот план, како и повик до сите засегнати да достават предлози за подготовка на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Претставници на Министерството присуствуваа на дванаесет настани и остварија повеќе од 22 средби со претставници на релевантни институции.

**Реформи**

- Воведување на флексибилно работно време за сите вработени во органите на државната управа;
- **Продолжување на рокот за консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи од 10 на 20 дена (3-6-9);**
- **Отворен повик за доставување коментари во однос на Нацрт Стратегијата за РЈА и Акцискиот план (3-6-9);**
- **Повик до граѓански организации за учество во тематските подгрупи за Нацрт-Стратегијата за РЈА 2017-2022 и Нацрт Акцискиот план (3-6-9);**
- **Повик до сите засегнати страни да достават предлози за подготовка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (3-6-9); и**
- Спроведена проверка на законитоста на процесот на вработување од денот на распишување на предвремените парламентарни избори до денот на изборот на Влада на Република Македонија.

**Закон**

- Предлог-закон за измени и дополнувања на Законот за административни службеници.

**Дванаесет настани**

- Состанок на 14-от Комитет за стабилизација и асоцијација во Брисел;
- **Консултативна работна средба со сите засегнати страни за реформи на јавна администрација (3-6-9);**
- Форум за јавни услуги на Обединетите нации во Хаг;
- Прва обука во рамки на соработката со Правен Факултет „Јустинијан Први“ со цел подобрување на познавањето на инспекторите во специфични области;
- Спроведена обука за проценка на влијанието на регулативата со поддршка од норвешки експерт;
- Прес конференција посветена на економските мерки за развој на ИТ секторот;
- **Јавна дискусија на тема: „Реформи во медиумскиот сектор“(3-6-9);**
- Присуство на промоцијата на новата инвестиција на InPlayer;

- Доделување на ваучери на најдобрите пет студенти, во соработка со Huawei;
- Прес за новите вработувања во Влада на Република Македонија;
- Прес за бројот на вработени во јавниот сектор;
- Промотивен настан за проектот „Модернизација на инспекциските служби";
- **Промотивен настан „Помош за реформа на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА"(3-6-9);** и
- Учество на Бледски стратегиски форум, во Блед, Р. Словенија.

**Над 22 средби со**

- Претставници на Синдикатот на управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани (УПОЗ);
- Претставници на Здружението на новинари на Македонија;
- Комитетот за стабилизација и асоцијација во Брисел;
- Претседателот на ИКТ Комората при Сојузот на Стопански комори, Саша Огненовски;
- Претседателот на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија, Дарко Димовски;
- Претставници на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии;
- Амбасадори на повеќе држави акредитирани во Република Македонија: САД, Франција, Република Словенија, Република Хрватска, на државата Израел, Кралството Холандија;
- Претставници на ЗНМ и претставници на ММА;
- Марко Мантованели, директор на Светска Банка за Македонија и Косово;
- Амбасадорката на ОБСЕ, Нина Суомалинен;
- Н.Е. Луиза Винтон, постојана координаторка на Обединетите Нации (ОН) за Македонија и постојана претставничка на Програмата за развој на ОН во Македонија;
- Евроамбасадорот Самуел Жбогар;
- Генералната директорка на Националната агенција за информатичко општество на Албанија, Линда Карцанај; и
- Министерката за иновации и јавна администрација на Албанија, Милена Харито.

**Склучени соработки**

- Потпишан Меморандум за соработка со извршниот директор на ИДЕАС ДеПо, Александар Шахов за реализација на активности во областа на инспекциското работење.
- Соработка со Huawei за наградување на петте најдобри студенти од ИКТ факултетите.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## (министерка Мила Царовска)

Министерството за труд и социјална политика направи низа реформи со цел да го подигне нивото на социјална сигурност на граѓаните и да ја унапреди транспарентноста и функционалноста на Министерството – воведе „Отворен ден со граѓаните", воведе двосменското работење на јавните установи за деца/детските градинки од 07:00 до 14:30 часот и од 14:00 до 21:30 часот, како и првата сабота во месецот од 08:00 до 16:00 часот, изврши над 300 инспекциски надзори за време на топлотниот бран, изврши исплата на повеќе права од социјална и детска заштита и започна со редовни месечни исплати на социјалната парична помош, паричниот надоместок за помош и нега од друго лице и субвенциите за електрична енергија, започна и со давање бесплатна услуга за одмор и рекреација на над 2000 деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, а го промени и Правилникот за утврдување на приходи на граѓаните, при што, за да остварат социјална парична помош, парите кои граѓаните ги примиле преку брз трансфер повеќе нема да им се пресметуваат како приходи во нивното семејство, поради тоа што тие средства често не се од членови од семејството кое што има обврска по закон да ги издржува. Исто така, Министерството го подготви Предлог-законот за минимална плата и го достави до Собранието, Предлог-законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатија со доминантна сопственост на државата кој беше усвоен од Владата, предложи измени во Законот за социјална заштита, со кои за прв пат се воведува основа Владата на Република Македонија да донесе посебна Програма за обезбедување на персонална асистенција, а започна и со подготовка на Предлог-закон за социјалното претприемништво. Министерството за труд и социјална политика оствари над 50 средби со граѓаните, претставници на државните институции од земјата и странство, синдикати, граѓански организации и амбасади, учествуваше на над 19 настани, вклучително посети, конференции, дебати, јавни расправи, презентации, седници, а изврши и увид во објекти во Скопје, Врапчиште и Куманово кои се пренаменуваат во детски градинки.

**Реформи**

- Воведен „Отворен ден со граѓаните";
- Од 1 јуни досега, министерката и членови од нејзиниот кабинет се сретнаа со 380 граѓани (на Отворен ден за граѓани и тековно);
- Од 29 јуни до 1 јули 2017 година за време на топлотниот бран дежурните екипи на Државниот инспекторат за труд извршија 97 инспекциски надзори од областа на безбедност и здравје при работа на целата територија на Република Македонија;
- 207 инспекциски надзори кај работодавачи за почитување на препораките за топлотен бран;
- Вонреден надзор над спроведувањето на Законот за заштита на децата во однос на остварувањето на правото на родителски додаток за дете во Центарот за социјална работа Карпош;
- Вонреден инспекциски надзор и увид во објект на ул. 173 бр.8 во Скопје, врз основа на сознанијата за постоење нелегална установа со назив „Блета", која згрижувала деца од предучилишна возраст и вршела воспитание од верски карактер;
- Извршена исплата на повеќе права од социјална и детска заштита: цивилна инвалиднина, мобилност и слепило, постојана парична помош, еднократна парична помош, парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, сместување во згрижувачко семејство, парична помош за студирање, парична помош за згрижувач, социјално домување, здравствена заштита, детски додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за трето дете, родителски додаток за четврто дете, единствен родителски додаток како и посебен додаток;

- Отпочнати редовни месечни исплати на социјалната парична помош, паричниот надоместок за помош и нега од друго лице и субвенциите за електрична енергија;
- Започната реконструкција на објект во ОУ „11 Октомври›› наменет за Центар за деца со церебрална парализа;
- Промена на Правилникот за утврдување на приходи на граѓаните, за да остварат социјална парична помош, со која се ослободуваат граѓаните од парите што ги примиле преку брз трансфер да не им се пресметуваат како приходи во нивното семејство, поради тоа што често тие средства не се од членови од семејството кои што има обврска по закон да ги издржува;
- Започната бесплатна услуга за одмор и рекреација на над 2000 деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток;
- Започнато спроведување на проектот „Поддршка за вработување на млади лица" кој е дел од активните мерки за вработување кои се спроведуваат со цел да се надградат вештините на евидентирани млади лица, кои се активни баратели на работа во областа на информатичката технологија, а со кој 220 невработени лица на возраст до 29 години ќе поминат обуки за јава програмери и софтвер тестери, професии коишто се барани на домашниот и странскиот пазар;
- Формиран специјализиран тим кој е во функција 24/7, за постапување по итни предмети од ранливи категории на корисници на права и услуги од надлежност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје;
- Усвоени проекти за унапредување на социјалната сигурност и животниот стандард на пензионерите, вклучително задолжително издавање на преглед за стаж и плати, со потврдени податоци во матичната евиденција, за сите работници, три години пред исполнување на услови за пензија;
- Потпишани договори за поддршка на граѓански здруженија од областа на социјална заштита, резултат од јавните конкурси кои беа објавени на веб страната на МТСП и на МРТВ на 18 и 21 јули 2017 година. Вкупниот фонд за поддршка на проекти изнесува 2.400.000,00 денари;
- Отворен повик за заинтересираните лица корисници на социјална парична помош, постојана парична помош, посебен додаток, детски додаток, згрижувачи/старатели на деца без родители и родителска грижа, како и лица кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа да се јават за користење на бесплатните курсеви;
- Спроведени обуки за стручните лица вработени во МТСП, установата и за стручните лица од Центрите за социјална работа, граѓански организации, академски работници на тема „Лично Планирање", во насока на поддршка на започнатиот процес на деинституционализација на ЈУ Специјален завод Демир Капија во рамките на проектот „Техничка помош за поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор" финансиски поддржан од страна на Европската унија;
- Поставено комплетно ново игралиште со реквизити кои се достапни на децата со инвалидитет во соработка со Националниот сојуз на лица со телесна попреченост Мобилност и со поддршка на Општина Ресен;
- Воведено двосменското работење на јавните установи за деца/детските градинки од 07:00 до 14:30 часот и од 14:00 до 21:30 часот, како и првата сабота во месецот од 08:00 до 16:00 часот;
- Објавени огласи за вработување стручни кадри во центрите за социјална работа низ државата;
- Започната подготовка за ратификација на „Истанбулската конвенција››;
- Изработена Првата нацрт верзија на новата Стратегија за интеграција на бегалци и странци и предлог нацрт Национален акциски план за период од 10 години, односно за период од 2017 година до 2027 година, и дадена на јавен увид; и
- Потпишан проектниот документ за обнова на градинката „8 Април›› во Шуто Оризари, во рамки на Програмата за развој на Обединетите нации, а со финансиска поддршка од Министерството за надворешни работи на Норвешка.

**Закони**

- Предлог закон за минимална плата, доставен во Собрание
- Усвоен Предлог законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатија со доминантна сопственост на државата од Владата, со кој ќе се опфатат невработени лица на кои им престанал работниот однос во претпријатија со доминантна сопственост на државата после 1 јануари 1995 година, а заклучно со 31 декември 2016 година;
- Предложени измени во Законот за социјална заштита, со кои за прв пат се воведува основа Владата на Република Македонија да донесе посебна Програма за обезбедување на персонална асистенција; и
- Започната подготовка на Предлог Закон за социјалното претприемништво.

**Над 19 настани**

- Посета на Центарот за социјална работа во Кавадарци, еден од 30-те центри на територија на Република Македонија, кои што опслужуваат повеќе од двесте илјади граѓани во социјален ризик;
- 35-та конститутивна седница на Економско-социјалниот совет на која се разгледуваше Извештајот за проценката на состојбата на социјално-економските совети на Западен Балкан, Предлог на Закон за изменување на Законот за работни односи, како и Нацрт стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020;
- Седница на Економско социјалниот совет за ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година;
- Регионалната конференција за Економско социјалните совети од Западен Балкан (Заменикот Азири);
- Посета на децата од ранливи категории кои летуваат во „Мајски Цвет“ - Струга;
- Учество на јавна расправа на тема: „Нов патоказ за развој на граѓанското општество“;
- Учество на завршна конференција на проектот „Промоција на сервиси за социјална инклузија“, кој е финансиран преку програмата за развој на човечки ресурси при ЕУ;
- Учество на 106-тата Меѓународна конференција на трудот во Женева;
- Учество на промоција на истражување за искористеноста на социјалните бенефиции и факторите кои го ограничуваат пристапот на ромската заедница „Парични надоместоци за децата од семејства во социјален ризик››;
- Учество на конференција за „Глобалниот договор за миграции и Глобалниот договор за бегалци››;
- Презентација на “Нацрт-стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020”, во организација на Министерство за труд и социјална политика, а во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија Скопје и Советот за безбедност при Влада на Република Македонија;
- Обраќање на настан од проектот „Локална интеграција на бегалци, внатрешно раселени лица и малцински групи”, финансиран во рамки на Националната програма за 2011 во компонентата „Помош при транзиција и институционална наградба“ – ИПА компонента;
- Учество на Конститутивна седница на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем;
- Учество на завршна прес конференција за ИПА проектот „Локални партнерства за социјална инклузија›› имплементиран од страна на Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) во партнерство со ЦНВОС од Словенија и Центар за граѓанска иницијатива од Прилеп;
- Учество на настан кој се одржа во ЈОУДГ „11 Октомври“ - Чаир, во рамки на проектот финансиран од ЕУ „Унапредување на алтернативните услуги за згрижување на деца»;
- Учество на дебата за Младинска гаранција како една од приоритетните мерки на Владата;

- Извршен увид во објектот на ул. Орце Николов во Скопје, каде што ќе биде лоциран новиот дневен центар за лица со Даунов синдром, во објектот каде што од септември започнува со работа првата градинка во општина Врапчиште, како и објектот на поранешниот Пионерски дом во Куманово, кој во моментов се реконструира и пренаменува во детска градинка.

**Над 50 средби со**

- Огромен број на граѓани во рамки на Прв „Отворен ден со граѓаните“;
- Рударите од Македонска Каменица;
- Претставници на Министерството за здравство и Клиничкиот центар во Скопје;
- Градоначалникот на Арачиново (Заменик министерот Азири);
- Градоначалникот на Општина Липково, Башким Амиди (Заменик министерот Азири);
- Министерот за здравство, д-р. Арбен Таравари, министерот без ресор, г. Самка Ибраимовски, претседателот на Здружението на гинеколози на РМ, д-р Душко Филиповски и претставници на невладини организации;
- Претставници на СОНК за двосменското работење на јавните установи за деца/детските градинки;
- Претставници на Конфедерација на синдикати на Македонија;
- Членовите на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници;
- Синдикатите во врска со зголемување на минималната плата;
- Работодавачи, работници и претставници на граѓански здруженија од Штип, заедно со Премиерот;
- Претставници на граѓанската коалиција за овозможување на донирањето на вишоците на храна „Ајде Македонија“, „Македонска платформа за борба против сиромаштија“, „Ретвитни оброк и Вистински дела на љубезност“, претставник на Агенцијата за храна и ветеринарство и директорот на Националниот демократски институт Крис Хеншоу, заедно со Министерот за финансии Драган Тевдовски и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски;
- Претставници на 10 здруженија на граѓани кои што работат на полето на унапредување на правата на лицата со попреченост;
- Претставници и соработници на Ромската организација за мултикултурна афирмација (Рома СОС);
- Претставници на граѓанската иницијатива „5 до 12“;
- Претставници на проектот „Смарт старт››
- Претставници на УНИЦЕФ за Македонија (Заменик министерот Азири);
- Претставнички на Националната мрежа против насилство врз жени и Платформата за родова еднаквост;
- Претставници на УН Агенциите предводени од постојаната координаторка на ООН и постојана претставничка на УНДП во Република Македонија Луиза Винтон;
- Шефот на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија амбасадорот Самуел Жбогар;
- Амбасадорот на Република Франција во Република Македонија Кристијан Тимоние;
- Амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Сибил Сутер Тејада;
- Амбасадорот на САД, Џес Бејли;
- Состанок на заедничкиот управен комитет во рамката за развојна соработка со ОН; и
- Работната група за дефинирање на Акцискиот план за итни мерки за подобрување на состојбите во Специјалниот завод Демир Капија.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## (министерка Рената Дескоска)

Министерството за образование и наука го укина екстерното тестирање во основното и средното образование и го одложи воведувањето на Кембриџ програмата во средните училишта поради поквалитетна подготовка и изведба на програмата. Се работи на ревизија на сите учебници на сите нивоа на образование преку дебати на експертско ниво, формирање на комисии во рамки на МОН и систем-прашалник за истражување на мислењето на наставниците и професорите за учебниците и наставната програма. Со ребаланс на буџетот се обезбедија дополнителни 45 милиони денари за ученички и студентски стандард, а се подготвува и Стратегија за развој на образованието 2017-2021, поддржана од ИПА програмата. Министерството започна и широк консултативен процес во рамки на сите реформски процеси кои се во надлежност на ресорот, при што беа консултирани и вклучени сите засегнати страни. Дополнително, беа остварени голем број на средби со претставници на меѓународни институции кои работат во областа на образованието.

**Реформи**

- Тековна ревизија на сите учебници на сите нивоа на образование;
- Во втората фаза од процесот на ревизија, ќе започне и консултативен процес за соодветноста на изборот на лектири за основно и средно образование;
- Ослободување на наставниците од административно-техничкиот товар - МОН подготвува измена на подзаконските акти за да го намали административниот товар на наставниците, кој што претставува дополнително оптоварување и влијае врз квалитетот на наставата;
- „ЕВН паралелка" или проект „20-20-20" во рамките на која е составена нова специјална наставна програма од тимовите на стручното училиште „Михајло Пупин" со експерти од ЕВН и МОН - проект преку кој во 2020 година ќе се вработат 20 ученици во ЕВН и ќе заработуваат 20 илјади денари месечно;
- „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образование на возрасни"- донесени се нови наставни програми по стручни предмети и практична настава за прва година за учебната 2017/2018, изготвени од проектот при Британскиот совет;
- Реализација на стручни обуки во казнено-поправните установи во соработка со Управата за извршување на санкции и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) - обуките се спроведуваат со цел овозможување побрза ресоцијализација на осудените лица и нивно полесно вклучување на пазарот на труд по излегувањето на слобода и подобрување на социјалната инклузија на најранливите групи во општеството;
- Донесени се 35 нови наставни планови и програми за тригодишно стручно образование за прва година кои се модуларно дизајнирани;
- Донесени се 13 нови наставни планови и програми за двегодишно стручно оспособување за прва година кои се модуларно дизајнирани;
- Донесени се нови наставни планови и програми кои се модуларно дизајнирани за стручното образование за прва година за квалификациите градежен техничар, електротехничар за компјутерска техника и автоматика, и за хотелско-туристички техничар изготвени од страна на Центарот за образование и обука во рамките на проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС Проект);
- Дадена согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици на барање на голем број општини во согласност со Законите за основно и средно образование;
- Променети се два правилници кои регулираат одредени прашања од областа на образованието на децата со посебни потреби преку процес на консултација со здруженија на граѓани кои се занимаваат со прашањата за инклузивно образование;

- Предложени измени на Уредбата за блок дотациите за превоз на учениците во средното образование кои се со посебни образовни потреби;
- Во фаза на подготовка е формирање на работна група за унапредување на правата и можностите за учениците со посебни образовни потреби;
- Формирана работна група со граѓански организации со кои се работи на Предлог-измена на Законот за средно образование со цел реформирање на системот на ученичко учество;
- Ребаланс на буџетот со кој се предвидуваат нови 35 милиони денари за студентски стандард и 10 милиони денари за ученички стипендии и школарини; и
- Подготовка на Стратегија за развој на образованието 2017-2021, поддржана од ИПА програмата.

**Настани**

- „Фабрика на знаење“ во организација на Прв приватен универзитет - ФОН;
- Доделување на дипломи и награди на 10-те најдобри студенти на ФИНКИ;
- Посета на општина Тетово и средба со професорите и родителите на учениците кои наставата ја следат на македонски наставен јазик при СОУГ „Кирил Пејчиновиќ“;
- Посета на ОУ „Браќа Миладиновци“ и СОУ „Перо Наков“ во Куманово по повод почетокот на новата учебна година; и
- Промоција на 120 учебници испечатени на Брајово писмо во Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ во Скопје.

**Закони**

- Закон за изменување на Законот за основното образование, Закон за изменување на Законот за средното образование и Закон за изменување на Законот за наставници во основните и средните училишта, со цел укинување на екстерно тестирање;
- Подготовка на Предлог-закон за Закон за високо образование, преку инклузивни работни групи во кои се вклучени сите засегнати страни;
- Изработка на Предлог измена на Законот за средно образование со цел реформирање на системот на ученичко учество преку формирање на работна група со претставници од релевантни граѓански организации; и
- Во тек е формирање на работна група за измени на Законот за основно и Законот за средно образование.

**Средби со**

- Директорот на Групацијата на Светска банка за Македонија, Марко Мантованели;
- Граѓанската иницијатива „5 до 12“ - вклучување на иницијативата која ги застапува интересите на лицата со попреченост во работните групи за измена на Законите за основно и средно образование, Законот за учебници и Стратегијата за образование 2017-2021, исполнувајќи ги заложбите за инклузивно образование;
- Претставници од „Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, „Државен Универзитет Тетово“, Универзитет „Американ Колеџ“ - Скопје, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитет на Југоисточна Европа, Прв приватен универзитет - ФОН Скопје, „Студентски пленум“, „Професорски пленум“, „НАкС“, „СОНК“ и „МЕСО“, во рамки на работната група за утврдување на потребата за измени на Законот за високо образование;
- Генералниот директор на ЕВН Македонија, Петер Штефан каде се дискутираа потребите на проектот „20-20-20“ или „ЕВН паралелката“ во средното електротехничко училиште „Михајло Пупин“;

- Министерката за наука на Црна Гора, Сања Дамјановиќ, каде беше дадена поддршка на иницијативата Меѓународен институт за одржливи технологии на Балканот со мисија „Наука за мир“, која има за цел да ја промовира соработката меѓу науката, технологијата и индустријата на Балканот, односно да биде платформа за едукација на талентирани, млади луѓе и инженери врз основа на трансфер на знаење и технологии од европските центри и лаборатории;
- Новиот претставник на УНИЦЕФ во Македонија, г-дин Бенџамин Перкс со цел продолжување и засилување на соработката со УНИЦЕФ;
- Делегацијата на германското стопанство во Македонија, составена од Шефот на делегацијата во Македонија, г-дин Патрик Мартенс и координаторот на проектот за дуално средно стручно образование, г-дин Тобијас Боле каде се разговараше за потребите на реформите во средното стручно образование;
- Директорот на USAID, г-дин Дејвид Атебери;
- „Хелсиншки Комитет за човекови права“, „МОФ“, „СЕГА“, „ФООМ“, „Меѓаши“, „МЦГО“, „Чекор по чекор“ и останати НВО кои како дел од својата работа покриваат теми во областа на образованието; и
- Голем број на амбасадори од повеќе држави со цел унапредување на соработката помеѓу високообразовните институции, подобрувањето на мобилноста кај истражувачите и студентите, продлабочување и збогатување на билатералната соработка.

**Склучени соработки**

- Потпишан меморандум за соработка со НМСМ – Национален младински совет на Македонија;
- Потпишан протокол од петтото заседание на Заедничката комисија за научна и технолошка соработка помеѓу Република Македонија и НР Кина, со кој се одобрени 13 заеднички македонско-кинески научно-истражувачки проекти.

**Друго**

- Одобрени согласности за вработување во основните и средните училишта на определено работно време по основ на ново финансирање за учебната 2017/2018 година, согласно барањата на општините и Град Скопје, по основ на формирање нови училишта, нови паралелки, зголемен број на ученици во прво одделение, барање на родители за продолжен престој и целодневна настава;
- Одобрени нови вработувања на високо образован кадар на универзитетите
- Повлекување од употреба на учебникот по наставниот предмет Општество за IV одделение за деветгодишно основно образование;
- Повлекување од употреба на учебникот по наставниот предмет Граѓанско образование за VIII одделение за деветгодишно основно образование;
- Проект за евалуација на образованието – УНИЦЕФ, МОН поддржа анализа на системот за евалуација и оценување во образованието во Република Македонија;
- Издадени решенија за воведување на нови студиски програми и одобрување на упис на студенти во високообразовни институции на нови студиски програми или студиски програми кои беа ставени во мирување.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

## (министер Сухејл Фазлиу)

Министерството за локална самоуправа ја започна реализацијата на проектот „Консолидирање на системот на локалната самоуправа“ во соработка со УНДП и финансиска поддршка од 2,3 милиони евра од Европската унија со цел подобрување на локалните јавни услуги и обезбедување на воедначен пристап до сите граѓани. Започнати се и консултативни процеси за стимулирање на локалниот развој и намалување на регионалните разлики, за подобрување на системот на финансирање на општините и распределба на капиталните и блок-донациите на транспарентен, правичен и објективен начин, како и за изнаоѓање на најсоодветен начин за заживување на месната самоуправа и ставање во функција на досега неискористениот потенцијал за подобрување на услугите и поттикнување на локалниот развој. Подготвена е анализа за определување на дејностите од пошироко значење и интерес за кои што ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка во периодот 2018-2020 година, а направени се и консултации со ресорните министерства за поттикнување и поддршка на меѓуопштинската соработка. Објавен е и првиот јавен повик за проекти за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Косово во вкупна вредност од 2 милиони и 40 илјади евра од страна на Европската унија за проектите за двете држави, а пуштен е и во употреба реконструираниот локален пат до Липковско Езеро во должина од 1 720 метри. Претставници на Министерството учествуваа на четири настани и оствариja осум средби со претставници на релевантни институции и амбасадори акредитирани во Република Македонија.

**Реформи**

- Започнат процес на консултација за стимулирање на локалниот развој и намалување на регионалните разлики преку ревидирање на обемот на средствата и механизмите за нивна распределба;
- Започна реализацијата на проектот: Консолидирање на системот на локалната самоуправа, во соработка со УНДП и финансиска поддршка од 2,3 милиони евра од Европската унија;
- Започнат процесот на консултација со сите засегнати страни (министерствата за финансии, образование, труд и социјална политика, култура, како и со ЗЕЛС) за подобрување на системот на финансирање на општините и распределба на капиталните и блок-донациите на транспарентен, правичен и објективен начин;
- Започнат процес на консултација со претставници на урбани и месни заедници, општини и експертската јавност за изнаоѓање на најсоодветен начин за заживување на месната самоуправа и ставање во функција на сега неискористениот потенцијал за подобрување на услугите, како и за поттикнување на локалниот развој;
- Започна скенирањето на капацитетите на општините и подготовка на соодветен модел на општински центар на услуги за брзо, квалитетно и евтино обезбедување на административните услуги;
- Подготвена анализа за определување на дејностите од пошироко значење и интерес за кои што ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка во периодот 2018 – 2020 година. (заштита на животната средина, социјална заштита и грижа за децата, локален економски развој, комунални дејности, противпожарна заштита);
- Направени консултации со ресорните министерства и договорени активности за соработка во поттикнувањето и поддршката на меѓуопштинската соработка, заради обезбедување на поефикасни, поекономични и поквалитетни услуги;
- Објавен прв јавен повик за проекти за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Косово во вкупна вредност од 2 милиони и 40 илјади евра од страна на Европската унија за проектите за двете држави. Кофинансирањето во висина од 15% од искористените средства ги обезбедува Министерството за локална самоуправа. Средствата се наменети

за проекти во две области: конкурентност и развој на мали и средни претпријатија, во износ од 1 милион евра и вториот милион за проекти за поттикнување на туризмот и културното и природното наследство. Потенцијални корисници се општините, Центрите за развој на планските региони, невладини организации, универзитети, училишта, бизнис асоцијации и други непрофитни субјекти од Полошкиот, Скопскиот и од Североисточниот плански регион; и

- Пуштен во употреба реконструираниот локален пат до Липковско Езеро во должина од 1 720 метри, финансиран преку проект на општина Липково во рамки на Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

**Четири настани**

- Учество на Конференција со шефот на Делегацијата на ЕУ и со постојаната претставничка на УНДП – промовиран проектот за консолидирање на системот на локална самоуправа, подобрување на општинските услуги и обезбедување на воедначен пристап за сите граѓани;
- Одржан форум на тема „Месната самоуправа-неискористен потенцијал за јакнење на локалните заедници“, со што Министерството за локална самоуправа ја отвори дебатата за статусот на месната самоуправа во системот на локалната самоуправа во Република Македонија;
- Учество на Форумот за подобрување на услугите за лицата со посебни потреби; и
- Посета на Југоисточниот и Североисточниот плански регион.

**Над осум средби со**

- Раководството на Независниот синдикат на пожарникари на Македонија (НСПМ) заради решавање на проблемите поврзани со начинот на финансирање на нивната служба, тенденцијата на намалување на бројот на пожарникари во земјата, потребата од законски измени во Закон за пожарникарство, како и слабата и застарена техничка опременост на припадниците на територијалните противпожарни единици;
- Раководителите на Центрите за развој на планските региони заради решавање на проблемите со финансирањето на работата на Центрите, како и имплементацијата на тековните проекти;
- Делегација од Министерството за територијална администрација и развој на Ерменија;
- Постојаната претставничка на УНДП, Луиза Винтон;
- Директорот на Мировниот корпус на САД во Република Македонија, Марк Ханафин;
- Амбасадорот на САД, Џес Бејли;
- Шефот на Делегацијата на ЕУ, амбасадорот Самуел Жбогар;
- Амбасадорката на Швајцарија, Сибил Сутер Тејада;
- Амбасадорот на Република Италија, Карло Ромео; и
- Амбасадорот на Република Франција, Кристиан Тимоние.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

## (министер Роберт Алаѓозовски)

Министерството за култура формираше две работни групи за изработка на Предлог Национална стратегија за развој на културата за периодот 2018-2022 година и за изработка на Анализа за реализацијата и последиците од т.н. „Проект Скопје 2014". Започната е реализацијата на одобрените програми на националните установи и проектите на другите корисници на буџетски средства од сите области и дејности од културата, како и на манифестацијата „Нов културен бран" во 2017 година за која досега се распределени околу 6 милиони денари за 56 апликации. Започнат е и процесот на утврдување на состојбите и долгот на Министерството за периодот 1/6 2017 год., а извршена е и интервенција за санација на штетите и натамошно загрозување по поројните дождови и градот кој заврна во Скопје во месец јуни 2017 година, како и дислоцирање и заштита на бесценетите дела од Галеријата на икони. Изработени се повеќе предлог закони за изменување и дополнување на закони меѓу кои и Законот за употребата на македонскиот јазик, Законот за културата, Законот за филмската дејност, Законот за заштита на културното наследство и Законот за авторското право и сродните права. Претставници на Министерството за култура отворија и учествуваа на повеќе од десет настани, и остварија над 20 средби со амбасадори акредитирани во Република Македонија.

### Реформи

- Формирана работна група за изработка на Предлог Национална стратегија за развој на културата за периодот од 2018-2022 година, во состав: Златко Теодосиевски, ликовен критичар и советник - куратор (координатор на работната група); Искра Гешоска, културен работник од „Јадро"- Асоцијација на независната културна сцена; д-р Валентина Поцеска, советник – конзерватор, м-р Валмира Истрефи, урбани студии; м-р Џевдет Јашари, актер и предавач на Факултетот за драмски уметности на Тетовскиот универзитет; Магдалена Диковска, кабинетски службеник за правни работи во Министерството за култура; и Гоце Божурски, советник во Одделението за визуелни уметности, архитектура и дизајн во Министерството за култура;
- Формирана работна група за изработка на Анализа за реализацијата и последиците од т.н. "Проект Скопје 2014", во состав проф. д-р Мирослав Грчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет при УКИМ (координатор), м-р Никола Наумоски, политиколог и комуниколог, Мартин Пановски, дипломиран инженер - архитект, доц. д-р. Донка Барџиева - Трајковска, историчар на уметност и конзерватор и Златко Теодосиевски, ликовен критичар и советник -куратор;
- Започната реализација на одобрените програми на националните установи и проектите на другите корисници на буџетски средства од сите области и дејности од културата - 27 проекти од областа на драмската дејност; 136 музички концерти и балетски перформанси, 10 ликовни проекти и 25 фолклорни манифестации и концерти и манифестации.
- Со цел да се обезбеди деметрополизација, деконцентрација на културата од главниот град, таа да се дисперзира во локалните средини, да се збогати, омасови, интензивира, динамизира и раздвижи културната понуда, Министерството за култура, преку Буџетот на Република Македонија и поддршка од други потенцијални партнери, спонзори и донатори, започна со реализација на манифестацијата „Нов културен бран" во 2017 година, а досега распредели околу 6 милиони денари за 56 апликации;
- Започнат процес на потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерствата за култура на НР Кина и земјите од ЦИЕ и добиена поддршка за идејата Центарот за културна соработка меѓу земјите од Југоисточна Европа и НР Кина во рамки на инцијативата „15+1" да биде востановен во Скопје;
- Потпишан договор за културна соработка со Босна и Херцеговина, како и со Република Бугарија;

- Започнат процес на утврдување на состојбите и долгот на Министерството за периодот 1/6 2017 год, при што Владата на Република Македонија заклучи дека е потребно итно Државниот завод за ревизија, согласно законските надлежности, во својата програма за работа да ја вклучи и ревизијата во Министерството за култура, особено од причина што ревизија на финансиското работење на Министерството за култура не е извршена од 2011 година;
- Интервенција за санација на штетите и натамошно загрозување по поројните дождови и градот кој заврна во Скопје во месец јуни 2017 во Чифте Амам, Даут Пашин Амам, Музеј на Македонија;
- Извршено дислоцирање и заштита на бесценетите дела од Галеријата на икони; и
- Започната постапка за ревизија, утврдување на сите активности во црквата Св. Ѓорги во Курбиново и манастирскиот комплекс Трескавец.

**Закони**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик кој е веќе во собраниска процедура, со цел заштита и унапредување на македонскиот јазик во јавната комуникација, наспроти запоставувањето и негрижата за македонскиот јазик од повеќе аспекти;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, кој е веќе во собраниска процедура со цел враќање на принципот на рамноправност на сите уметници и стручни работници од областа на културата кои се стекнале со државни награди во областа на културата, со што се создаваат еднакви услови во остварувањето на правата од творештвото;
- Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија, кој е веќе во собраниска процедура, со цел оневозможување на натамошен нерамноправен третман помеѓу уметниците и другите вработени во културата, кои имаат примања во помал износ од просечната плата исплатена во Република Македонија во однос на националните уметници кои сè уште активно работат и обезбедуваат средства за егзистенција;
- Предлог на закон за измена на Законот за култура во делот на националните пензии, кој е во собраниска процедура, со цел намалување на финансиските обврски по основ на исплатата на надоместоци на пензионерите кои се добитници на државни награди за култура;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, кој е во подготвителна фаза;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, кој е во подготвителна фаза;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, кој е во подготвителна фаза; и
- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, кој е во подготвителна фаза.

**Над десет настани**

- Присуство на отворањата на повеќе културни настани, манифестации, фестивали, одбележувања на значајни датуми на кои се демонстрирани заложбите за почитување на културниот диверзитет, еднаквост и пристап кон културата за сите граѓани, вклучително учество на одбележувањето на Меѓународниот ден на Египќаните и одбележувањето на Денот на холокаустот врз Ромите. За првпат во историјата на културните случувања во земјава, министер за култура отвори Прајд викенд во Скопје.
- Организирана првата јавна расправа со сите засегнати страни, со што го отпочнавме процесот на ревидирање на легислативата и практиката и подобрување на решенијата во делот на авторските и сродните права и нивното колективно управување;

- Учество на јавна дискусија „Рок ен ролот како нов саундтрак на Министерството за култура на РМ“, во организација на иницијативата за неформална асоцијација на рок – музичари, 1 јуни 2017;
- Учество на јавна дискусија „Инвестирање во културата/уметноста или можности за демаскирање“, ФРУ (Акто Фестивал) со поддршка од Фондација Фридрих Еберт;
- Учество на јавна дискусија „Како до квалитетна публика“ во Битола, во организација на МКЦ Битола;
- Учество на јавна расправа за состојбата во авторското право и сродните права со посебен осврт на колективното управување; и
- Учество на јавна дискусија „Што треба да се прави со Скопје 2014?“, во организација на „Плоштад Слобода“, со поддршка од Фондација „Хајнрих Бел“.

**Над 20 средби со**

- Амбасадори во Македонија со цел утврдување на конкретни модели и можности на билатерална и мултилатерална културна соработка.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## (министер Садула Дураки)

Министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураки презеде активности за ратификување на Договорот од Париз за климатски промени, по Предлог-законот за ратификација усвоен од Владата на Република Македонија. Со градоначалникот на општина Куманово кој воедно е и претседател на Североисточниот плански регион Зоран Дамјановски, министерот го потпиша Меморандумот за спроведување на Рамковната спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата. Со потпишувањето на овој документ се воспостави формална договорна основа за успешно спроведување на пет проекти планирани во рамките на Повеќегодишната секторска оперативна програма за животна средина и климатски акции за ИПА II (2014-2020). Се формираше Комисија за решавање на проблемите со депонијата во Струга, а започнаа и интензивни активности за воспоставување на регионалниот интегриран систем за управување со отпад за Југозападниот плански регион. Беше изработен Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност, поддржан од страна на ГЕФ/УНЕП, а се објави и Годишниот извештај за квалитет на животната средина во Република Македонија, согласно Законот за животна средина. Беа склучени повеќе од 17 договори директно поврзани со проекти од областа на животната средина, а претставници на министерството учествуваа на повеќе од осум настани и остварија повеќе од десет средби.

**Реформи**

- Формирање на Комисија за решавање на проблемите со депонијата во Струга;
- Интензивни активности за воспоставување на регионалниот интегриран систем за управување со отпад за Југозападниот плански регион;
- Изработка на Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност, поддржан од страна на ГЕФ/УНЕП;
- Објавен Годишен извештај за квалитет на животната средина во РМ, согласно Законот за животна средина;
- Објавување на јавни набавки за изградба на втора фаза од колекторскиот систем за општина Кочани;
- Започната изградбата на пречистителната станица во Кочани;
- Распишан јавен повик од страна на општина Струга за оператор кој ќе се грижи за депонијата во Струга и соодветно ќе ја управува, до нејзиното комплетно затворање согласно со законските прописи;
- Тековен процес за добивање на одобрување за потпишување на билатерален договор за финансиска помош за проектот за водоснабдување и третман на отпадните води во Делчево;
- Објавување на јавни набавки за изградба на канализациона мрежа во с. Отља, општина Куманово;
- Објавување на јавна набавка за изградба на канализациона мрежа во с. Велешта, општина Струга;
- Објавување на јавна набавка за изградба на канализациона мрежа во општина Арачиново; и
- Објавување на јавна набавка за изградба на доводен цевковод во с. Никуштак, општина Липково.

## Закони

- Ратификување на Договорот од Париз за климатски промени, по Предлог-законот за ратификација усвоен од Владата на Република Македонија;
- Донесен Правилник за измена на правилникот на увоз, извоз и транзит на отпадот; и
- Донесен Правилник за начин на определување и одржување на планински патеки.

## Над девет настани

- Промоција на новото меморијално обележје поставено на историската патека Пано на Пелистер, посветена на Првата светска војна;
- Поставување на камен-темелник на пречистителната станица за отпадни води во близина на село Мојанци;
- Свечена церемонија за одбележување на почетокот на проектот за уредување на коритото на Липковска Река во Куманово;
- Промоција на новиот проект за Заштита на природата, вреден 4,3 милиони евра финансирани од Европската унија и Програмата за развој на Обединетите нации;
- Посета на министерот Дураки, министерот Шапуриќ и министерот Мерко на дивата депонија во општина Струга и разгледување на можните решенија за санација на проблемите предизвикани од депонијата;
- Одржана работилница за дефинирање пакет на политики и инструменти за иден развој на одржливи инвестициски проекти за управување во секторот, потребни за усогласување со директивите на ЕУ;
- Присуство на министерот Дураки на работната средба на Стопанската комора на Северозападна Македонија (СКСЗМ) со претседателот на Владата Зоран Заев и претставници на економските ресори во Владата на Република Македонија и стопанствениците на која се дискутираше за реформските економски политики, за предвидените економски мерки, како и за проблемите со кои се соочува бизнис заедницата во овој регион; и
- Учество на заменик министерот за животна средина Јани Макрадули на неформалниот состанок на министри за животна средина во претседателство на Естонија во Талин, Естонија.

## Средби со

- Амбасадорот на Франција во Република Македонија Кристијан Тимоние;
- Амбасадорот на Албанија во Република Македонија, Фатос Река;
- Амбасадорот на ЕУ во Македонија, Самуел Жбогар;
- Амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Сибил Сутер Тејада;
- Амбасадорката на Австрија во Република Македонија, Н.Е. Ренате Коблер;
- Амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Н.Е. Милан Јазбец;
- Амбасадорот на Финска во Република Македонија, Н.Е. Перти Иконен;
- Постојната претставничка на УНДП во Македонија Луиза Винтон;
- Претставничката на Европската банка за развој за Македонија (ЕБОР) Анка Јоана Јонеску; и
- Патрик Мартенс, директор на делегацијата на Германско-Македонска Стопанска Комора со цел да се разгледаат можните правци на соработка во областа управување со отпад.

## Склучени соработки

- Меморандум за спроведување на Рамковната Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата;

- Склучени 14 договори со општини во Република Македонија за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина;
- Започнување на регулацијата на коритото на Липковска Река со цел намалување на ризикот од поплави, во соработка со општината Куманово, УНДП и Амбасадата на Јапонија;
- Склучен договор за затворање на нестандардните и дивите депонии во Источниот и Североисточниот плански регион и набавка на опрема за собирање и транспорт на комунален отпад, преку ИПА програмата; и
- Набавка на мобилна мониторинг станица, различен тип на анализатори и возило за одржување на мониторинг системот како и замена на дотраената опрема за мониторинг на квалитет на воздухот во Тетово, Куманово и Битола.

# МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕН ЗА КОМУНИКАЦИИ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## – Роберт Поповски

Министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност Роберт Поповски учествуваше во формирањето на професионален сектор за комуникации со цел овозможување поголема транспарентност и отвореност на Владата на Република Македонија. Дополнително, секторот за комуникации редовно ги подготвува, следи и известува за јавните активности на премиерот Заев. Беше донесена одлука за стопирање на владините реклами, а се започна и со редовно објавување на дневните редови и записниците од седниците на Владата, како и одржување на неделни брифови со новинари и уредници.

### Реформи

- Формирање на професионален сектор за комуникации за поголема транспарентност и отвореност на Владата;
- **Редовно објавување на дневните редови и записниците од седниците на Владата на веб страницата на Владата (3-6-9); и**
- **Одлука за стопирање на владините реклами на комерцијалните радиодифузери и печатени медиуми, билборди, интернет портали (со исклучок на социјалните медиуми) и пренесување на комуникацијата со граѓаните преку јавниот радиодифузен сервис (3-6-9).**

### Настани

- Учество на министерот Поповски на јавна дебата за реформите во медиумскиот простор заедно со министерот Манчевски;
- Организација на свеченото потпишување на договорот за соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, пропратено со највисоки државнички и воени почести;
- Учество во организација на свечености по повод Денот на Републиката - 2 Август, заедничко чествување на Илинден на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и претседателот на Владата на Република Бугарија, Бојко Борисов, централна прослава за Денот на независноста, 8 септември;
- **Редовни неделни брифинзи со новинари и уредници (3-6-9); и**
- Редовна подготовка, следење и известување за јавните активности на премиерот Заев како што се посетата на премиерот во Брисел, самитот на шефови на држави во Трст, средбата на Јадранска повелба во Подгорица, посетата на текстилните фабрики во Штип, неформалната средба на премиерите од регионот во Албанија, потпишувањето билатерални договори во БиХ, честитањето на празникот Курбан Бајрам во Арачиново, економските разговори со дуќанџиите и младите во Велес и економската посета во Израел.

### Над осум средби со:

- Претставници на Здружение на новинари на Македонија и Самостојниот синдикат на новинари и медиуми, заедно со премиерот Зоран Заев во насока на создавање услови за објективно и професионално работење на медиумите;

- Европскиот експерт Питер Ван Хојте и претставници на Здружението на новинари на Македонија, заедно со премиерот Зоран Заев со цел истакнување на определеноста на Владата кон медиумски реформи како важен чекор за евроинтеграциите;
- Амбасадорот на Европската унија, Самуел Жбогар каде се дискутираа неопходните медиумски реформи;
- Високиот експерт на Европската унија, Рајнхард Прибе, на тема на заложбите на Владата за создавање на демократски амбиент за независно и достојно работење на новинарите и медиумите;
- Амбасадорот на Холандија, Ваутер Пломп;
- Амбасадорот на САД, Џес Бејли; и
- Заменик амбасадорот на Обединетото Кралство во Македонија, Пол Едвардс.

# МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕН ЗА ДИЈАСПОРА

## – Едмонд Адеми

Со цел приближување на дијаспората со Република Македонија и развивање на соработка во политичка, економска, културна и образовно-научна смисла, министерот без ресор задолжен за дијаспора Едмонд Адеми ја презентираше информацијата за изготвување на првата Национална стратегија за соработка со дијаспората од независноста на Македонија која беше усвоена од Владата на Република Македонија. Министерот Адеми учествуваше на два настани на тема миграции и дијаспора, и оствари над 15 средби со релевантни министри, амбасадори, институции и организации.

**Реформи**

- Усвоена е информацијата за изготвување на Националната стратегија за соработка со дијаспората од страна на Владата на Република Македонија.

**Два настани**

- Учество на промоција на публикацијата „From Diaspora to Diversities" на покана на министерот за култура Роберт Алаѓозовски; и
- Учество на Тематски форум „Предизвици, перспективи и потенцијали на миграциите" организиран од страна на CIVICA Mobilitas.

**Над 15 средби со**

- Генерален директор на Меѓународната организација за миграција (International Organization for Migration) Вилијам Лејси Свинг, на која средба беше разгледана можноста Република Македонија во 2018-та година да биде домаќин на самит на министри за дијаспора;
- Министерката за надворешни работи на Австралија Џули Бишоп, заедно со премиерот Зоран Заев и министерот за надворешни работи;
- Министерката за човекови права и бегалци Самиха Боровац, како дел од владина делегација предводена од претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев придружуван од Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Крешник Бектеши, министер за економија, Роберт Алаѓозовски, министер за култура, во прва официјална работна посета на Босна и Херцеговина;
- Претседателот на Стопанската комора на Северо-западна Македонија, Неби Хоџа и со членот на Американско-израелската стопанска комора, Мамут Скендери;
- Претседателката на Асоцијацијата на Македонците во Велика Британија, Бона Петровска;
- Шефицата на канцеларијата на Меѓународната организација за миграции (ИОМ), Соња Божиновска –Петрушевска;
- Претставничките на Форумот за демократска Македонија, Емилија Тодорова и Маја Панова;
- Претставници на Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија;
- Претставници на Сојузот на албанската дијаспора за Македонија;
- Делегација на ОМД – Обединета македонска дијаспора предводена од претседателот Мето Коловски;
- Амбасадорот на Полска во Република Македонија, Јацек Мултановски;

- Амбасадорот на Република Албанија во Република Македонија, Фатос Река;
- Амбасадорот на Република Словенија, Милан Јазбец и амбасадорката на Република Хрватска, Данијела Баришиќ;
- Заменик амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија, Пол Едвардс;
- Амбасадорот на Република Грција, Димитриос Јанакакис; и
- Амбасадорот на САД Џес Бејли.

# МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕН ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

## – Аднан Ќахил

Министерот без ресор задолжен за странски инвестиции Аднан Ќахил оствари повеќе од 56 средби со потенцијални странски инвеститори заинтересирани за инвестиционата клима во Република Македонија, постоечки инвеститори за можност за потенцијално зголемување на постоечки инвестиции и претставници на постоечки компании кои се во процесот на инвестирање. Дополнително, министерот оствари над 11 средби со релевантни амбасадори, министри и претставници на релевантни институции.

**Два настани**

- Презентација на состојбата на странските инвеститори во Стопанската комора Македонија-Турција; и
- Учество на министерот Ќахил на панел дискусија со тема „Можности за инвестиции на Балканот" организирана од страна на Независната асоцијација на индустријалци и бизнисмени - МУСИАД.

**Над 11 средби со**

- Н.Е. Тулин Еркал Кара, амбасадорка на Република Турција во Република Македонија;
- Н.Е. Предраг Митровиќ, амбасадор на Република Црна Гора;
- Мевлуд Чавушоглу, министер за надворешни работи на Република Турција;
- Љупчо Николовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство во Владата на Република Македонија;
- Бунјамин Кутлу, раководител на трговското претставништво на Република Турција;
- Н.Е. Хосеин Карими, амбасадор на Исламска Република Иран;
- Реџеп Таип Ердоган, претседател на Република Турција; и
- претставници од Агенција за катастар на недвижности, Агенција за странски инвестиции, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони и Биро за метрологија.

# МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## – Самка Ибраимовски

Министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија Самка Ибраимовски успешно реализираше активности со кои се реши проблемот со гинеколог во Општината Шуто Оризари. Остварени беа над десет средби со претставници од ресорните министерства задолжени за имплементација на Стратегијата за Роми, Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, како и граѓани во Кочани, Штип и Гостивар каде беа дискутирани секојдневните проблеми со кои тие се среќаваат на локално ниво. Беше склучен и Договор за соработка со МИТ Универзитет - Скопје, а беа организирани и четири јавни настани.

**Реформи**

- Решавање на проблемот со гинеколог во Општина Шуто Оризари.

**Четири настани**

- Одбележување на денот на Геноцидот врз Ромите од Втора Светска Војна во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија;
- Подготвителни активности за одбележување на Денот на ромската азбука во ноември;
- Чистење на депонијата по регионалниот пат Битола - Ресен; и
- Отворена дискусија на тема „Општествена инклузивност на ранливите категории граѓани преку образование“ во организација на министерот Ибраимовски и МИТ Универзитет-Скопје.

**Над десет средби со**

- Претставници на ресорните министерства задолжени за имплементација на Стратегијата за Роми;
- Претставници на Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика за решавање на проблемот со гинеколог во Шуто Оризари;
- Министерот за култура, Роберт Алаѓозовски, за иницирање на процес за отворање на Ромски културен центар во Скопје;
- Министерката за образование и наука, Рената Дескоска и Љатиф Демир, основачот на Катедрата и професор по Ромистика на Филозофскиот факултет во Загреб, со цел разгледување на предлогот за отворање на Ромска катедра на Педагошкиот факултет во Скопје;
- Претседателот на управниот одбор на ЕВН, Стефан Петар, каде се дискутираше можноста за приклучување до електрична енергија во населбите со ромско население;
- Претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, каде беше иницирана Евалуација на досегашната имплементација на Декадата на Ромите 2005-2015, како и на Стратегијата за Роми; и
- Граѓани во Кочани, Гостивар и Штип каде што во фокус беше имплементацијата на Стратегијата за Роми на локално ниво.

**Склучени соработки**

- Договор со МИТ Универзитетот во Скопје за доделување на 10 стипендии за бесплатно студирање на додипломски студии и 5 стипендии за постдипломски студии за студенти Роми.

# МИНИСТЕРКА БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕНА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

## – Зорица Апостолоска

Министерката без ресор задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска присуствуваше на над осум настани и оствари над 14 средби со претставници на постоечки и потенцијални странски инвеститори од областа на енергетскиот сектор, автомобилската индустрија, образованието и технолошко индустрискиот развој.

**Над осум настани**

- Средба со постоечки странски инвеститори во РМ, во организација на заменик на претседател на Влада на Република Македонија д-р Кочо Анѓушев;
- Деловен појадок со Сојузот на стопански комори;
- Промотивен настан за проектот „Странски експерти за домашни компании“;
- Посета на Технолошко индустриско развојната зона Бунарџик;
- Посета на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони; и
- Три состаноци на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем.

**Над 14 средби со**

- Претставници на 9 странски компании - потенцијални инвеститори (Грција, Италија, САД, Кина, Индија, Романија, Турција и др.) во енергетскиот сектор, автомобилската индустрија, образованието, финансискиот сектор, како и во други сектори;
- Претставници на 3 странски компании кои се во фаза на реализација на најавените гринфилд инвестиции, со цел надминување на проблемите со кои се соочуваат и продолжување на нивната активност до целосно реализирање на инвестицијата;
- Германската компанија ВИК Груп за реализација на инвестицискиот проект во ТИРЗ Прилеп, во насока на ревидирање и утврдување на условите во нацрт-договорот за доделување на државна помош;
- Почесниот конзул на Бари, Италија, во Македонија за промовирање на инвестициските потенцијали на нашата земја пред италијанската бизнис заедница во регионот Пуља, Италија;
- Делегација на Германското стопанство во Македонија за поттикнување на билатерална соработка и инвестиции; лобирање, промоција и презентација на потенцијалите на Република Македонија пред германските региони/компании, вклучително и претставување на пилот проектот за воведување на дуално средно стручно образование во Република Македонија во функција на создавање соодветен капацитет на стручен кадар за потребите на компаниите/инвеститорите; и
- Претставници на Италијанско-македонската стопанска комора за поддршка и презентирање на потенцијалите за инвестирање во Македонија пред бизнис заедницата во Италија.

# МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕН ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

## – Рамиз Мерко

Министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, Рамиз Мерко, оствари над 10 средби со постоечки и потенцијални инвеститори, како и претставници на стопански комори и индустрии и релевантните институции од областа на туризмот и технолошко индустрискиот развој. Министерот Мерко присуствуваше на промоцијата на јавниот повик за проектот „Странски експерти за домашни компании" и на деловниот појадок организиран од Сојузот на стопански комори.

**Два настани**

- Промоција на трет јавен повик за проектот „Странски експерти за домашни компании"; и
- Присуство на деловниот појадок организиран од Сојузот на стопански комори на Република Македонија.

**Над десет средби со**

- Албанскиот претседател Илир Мета, градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај и претставници на стопанските комори и индустрии, како и албански бизнисмени;
- Раководител на секторот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија, Зоран Николовски;
- Претставници од Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони;
- Претставници од Агенцијата за странски инвестиции;
- Компанијата Nordic Invest за инвестиција за производство на фотовалтична енергија;
- Компанија Schnell за инвестиција во сектор туризам; и
- Компанија Elkos Group за добивање под концесија на фабриката ТИПОС во Бутел/Скопје со цел пренамена на мултифункционален трговски центар.

ЗБОРОТ е ЗБОР! 100 дена

ВЛАДА ЗА ГРАЃАНИТЕ

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА